СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петтото продолжение на Дваесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 ноември 1995 година

Скопје, ноември 1995 година

**ПЕТТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 25-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 15.XI.1995Г.**

Дневен ред: Предлог за донесување на закон за високо образование

1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 13
2. АЛИТИ АБДУРАХМАН - 60, 62
3. АБДИ ФАИК - 65, 62
4. БОГДАНОВСКИ ИГНАТИЕ - 1, 8
5. ВАНГЕЛОВ АТАНАС - 50
6. ЗИБЕРИ НАСЕР - 17
7. КАДРИУ ЗЕКИР - 73
8. МАЛИНСКА ПЕРСИДА - 9
9. НАУМОВСКИ СЛАВЕ - 39
10. НАСТОСКИ ДИМЧЕ - 56
11. ОСМАНИ РУФИ - 21, 23, 24
12. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА - 53
13. ПЕЦОВ МИРКО - 77
14. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 26, 31, 37
15. СИМОВСКА ЕМИЛИЈА - 84
16. ТАИРИ МЕВЉАН - 69
17. ХАСИПИ КЕНАН - 44, 52, 53
18. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 78, 80, 82
19. ШАКИРИ ХИСНИ – 75

КРАЈ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтото продолжение на Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 ноември 1995 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија,с ала 1 со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по 25-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Димитрија Поповски, Јане Ангелески, Љубомир Поповски, Живко Јанкуловски, Горѓи Атанасов, Душан Николовски, Стојан Ковачевски, Зоре Темелковски, Илинка Митрева и Владимир Соколовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за високо образование.

Има збор г-дин Богдановски.

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, госпоѓо министер на образованието.

I/2.-СП/ОМ

Пред се би сакал да се осврнам на потребата од донесување на Предлог законот за високото образование од аспект што во Република Македонија работат и делуваат два универзитети. не би рекол дека се тоа универзитети на градови, туку тоа се Универзитетот "Климент Охридски" во Битола и Универзитетот во Скопје "Свети Кирил и Методиј". Ако се осврнеме на состојбите како работат овие универзитети Битолскиот односно Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" работи уште по критериумите на самоуправното општество со што фактички денешната ситуација во образованието ја надмина оваа состојба. Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" по своите критериуми работи по нов терк со нов Статут што во секој случај нема законска подлога за се она што денеска се случува на Универзитетот во Скопје. Од тој аспект е неопходно потребно денеска во побрза процедура да се донесе законот за високото образование.

Мојата дискусија ќе биде нешто поинаква од елементите што многу дискутанти овде дискутираа од политички аспект затоа што сметам дека политиката во делот на образованието во овој момент ваква каква што е не би требало да не оптоварува. Образованието треба , пред се, да ни овозможи критериум на знаење, а на пазарот на светското знаење никаде не поминува националност. Таа нема пазарна вредност, но само има вредност она што претставува знаење, што претставува наука и ние во ланецот на светската наука и на светското образование тежиме, колку можеме да се приближиме кон средината или кон врвот. Се друго кое претставува политизација на одредени вредности не придонесува воопшто за генерациите кои доаѓаат. Дали ние во делот на политизацијата ги решаваме нашите проблеми, а не проблемите на младите генерации кои со себе носат други критериуми, генерации кои треба да влезат во борба, во битка за знаење за да можеме да се приклучиме на развиените научно - стручни општества. Би потсетил на

една состојба дека ние со течение на време во поранешниот систем многу права пренесовме , тогаш се викаа самоуправни права на Управата на Универзитетот.

Денешниот Предлог на закон ги санкционира тие состојби за да преминат во законска процедура. Поставувам прашање, но истовремено се обидувам да елаборирам одредени состојби дали во Универзитетот без оглед на кој универзитет се работи дали "Свети Климент Охридски" или "Свети Кирил и Методиј" , денеска со овој Предлог на закон не внесуваме многу јаки ингеренции кои ќе ги добие Универзитетот. Кога велам јаки ингеренции мислам на уписната политика и во сферата на економијата, односно во финансирањето.

Во сферата на уписната политика денеска се судруваме со еден елемент, а тоа е по критериумите на сегашниот Предлог на закон Универзитетот е тој што ќе донесува критериуми, но истовремено ќе утврдува број заедно со Министерството за образование и физичка култура. Дали треба да одиме на тој критериум и мое мислење е дека Универзитетот,а посебно Министерството „треба да изградат еден критериум се она што претставува одредена вредност, она што претставува критериум за упис како квалитет во гранките на Универзитетот она што може и што треба да го финансира државата.

Во склопот на автономијата на Универзитетот дали треба полека да се губи и автономијата на факултетите во уписната политика. Светот признава само вредности кои се резултат на добро знаење и во кои талентираните студенти биваат стимулирани од државата. Се друго претставува пазар под услов сите тие студенти кои конкурираат односно кандидати на Универзитетот го положат квалификациониот испит, а со тоа стекнуваат право и со сопствени средства да се финансираат. На тој начин државата јасно и отворено треба да каже затоа што уште по јасно

и официјално сме кажале дека државата нема обврска да ги вработува сите оние кои ќе завршат во државата. Тоа значи дека само талентираните и способните можат да се регрутираат млади кадри кои ќе ги заменуваат кадрите кои полека заминуваат во период и време кои си ја одиграле својата улога во развојот на струката, науката, па и образованието во државата.

Би сакал да кажам уште еден дел од делот на политизацијата на Универзитетот. Мислам дека постои едно мислење уште од минатото, а тоа е да не може Универзитетот уште да се ослободи од критериумите на политизацијата. Би потсетил, бидејќи сум член на Универзитетскиот сенат на една дискусија и репликите кои ги водевме, а тоа е Универзитетската управа ваква каква е денеска која не е за потценување, но дека на еден состанок на Универзитетската управа доаѓа една група студенти од името на Студентската организација го испретура дневниот ред и заклучува дека утредента треба студентите да излезат пред Собранието на Република Македонија. Тој критериум на Универзитетската управа која во тој момент само се оградува во смисла на тоа дека професорите од Универзитетот нема да излезат пред Собранието доволно зборува дека постои уште страв од делот од политизацијата од студентската организација. Универзитетската управа, тоа е мое мислење и во разговорите кои се водеа на универзитетите, па и со ректорската гарнитура дека Универзитетот требаше да се огради, бидејќи се залагаме дека Универзитетот треба да биде аполитичен. Ваква една состојба мора во перспектива да се рас- чисти со критериуми дека студентите можат да учествуваат во законската процедура, по можност да се внесе, само по прашањата за стандардот на студентите и се она што претставува критериум за образовниот процес струката и науката за која се. Сите они кои сметаат дека треба да политизираат

еенеска имаме повеќе политички партии-плурализам во кој можат како полнолетни граѓани да учествуваат вон универзитетот.

Еден г-дин пратеник убаво елаборираше дека денеска на Универзитетот повеќе граѓани - млади генерации учествуваат со толкав или оволкав процент во делот на националностите. Ние, господа, се сретнуваме со прашањето на вработувањето на младите кадри. Тоа школување во кое воглавно се протежираат консументите на буџетската политика и создавање на кадри кои воопшто треба да влезат во критериумите на државата дали во органите на управата, па по се изгледа дека е тоа најконјуктурниот дел во државата за вработување, многу факултети стимулираат вербални факултети, а не факултети кои ќе прават репродукции и создавање на нови вредности во државата. Тоа со течение на време создавајќи одредена вредност на школувани луѓе кои во критериумите на светското знаење треба да се мери, а не да се компарира меѓусебно во границите до Прешево, тоа може да ни донесе во перспектива таа млада генерација поради тоа што нема да биде вработена ќе ни се врати како бумеранг, бидејќи тие генерации ќе бидат незадоволни од позиција та во која се наоѓаат и нормално тие ќе бидат не само незадоволници, туку и ќе создаваат вредности кои ќе бидат против оваа држава. На тој дел треба да се замислиме, а тоа е преодот кон моето второ елаборирање на едно прашање кое е дадено во Предлогот на законот за донесување на законот за високото образование.

Дами и господа, јас припаѓам на една повозрасна генерација на Универзитетот во Скопје и сакам да елаборирам, многу луѓе ќе ми замерат, меѓутоа, од Универзитетот, но тоа мора еднаш да го елаборираме и јасно и отворено да кажеме. Мислам дека Предлогот на законот влече (вист-ерго) од минатото со еден акцент дека во

генерациите кои се наоѓаат на Универзитетот, а тоа сме воглавно ние по возрасните со кои се обезбедува по завршувањето на работниот стаж по 65 години живот или 40 години од работниот стаж да можат да продолжат врз база на тоа ако нема кадар или по можност, мислам дека тоа стои во некој член, или да можат да продолжат како потребен кадар на Универзитетот.

Дами и господа колку е убаво и треба да се навикнеме, бидејќи имавме генерации кои отидоа предвреме во пензија по критериуми на администрацијата, но дека вистински , ако до година славиме 50 години од формирањето на првиот факултет во Република Македонија или за 2 години ќе славиме 50 години од Универзитетот во Република Македонија да немаме кадар кој денеска може да ги замени наставниците кои се сметаат како примарен еквивалент во државата мислам дека државата треба да изнајде такви средства во кои ќе донесе стручњаци од странство на кои ќе се предава можеби на англиски или на некој светски јазик кој ќе донесат светски вредности тука.

Дали господа не треба да размислуваме од еден друг критериум. Дали тие луѓе кои , можеби исклучувајќи се себе си, сме граделе лимитирачки фактор во однос на кадрите кои биле после нас. Тие очекуваат и ден денеска од генерациите кои се пред тоа за да дадат благослов за да можат да напредуваат . Дали не размислуваме дека ние се појавуваме како пречка во развојот на младата генерација од генерациите кои доаѓаа и дека нормално по 40 години работен стаж се даваат можности за да може секој универзитетски наставник да работи. Тоа значи да работи на елементите на проекти затоа што проектите со себе си носат, покрај финансиски средства за реализација на материјалната сфера на научните проекти во нив е и вкалкулиран личен доход на носителите на проектите и реализаторите на проектите.

Понатаму, наставниците на Универзитетот имаат можност да бидат ментори, но сфатете дека во оној момент кога нема повеќе да бидат примарни носители , шефови на катедра или во позиција да одлучуваат за туѓата судбина, научните вредности и работниот ефект ќе биде поголем од аспект на тоа затоа што многу елементи би се покриле и ќе се покријат врз основа на еден критериум на позиција на која денеска се наоѓате по критериумот лав-ментор. Тогаш ќе има ментор, но ќе нема лав, па ќе мора да се создаваат нови вредности.

Врз основа на повеќе приватни дискусии со членовите од парламентот доколку остане оваа позиција во Предлогот на законот мислам дека може да има и амандман во делот на продолжувањето на работниот век мимо критериумите на сегашниот закон за работни односи.

Врвните стручњаци нема да бидат запоставени, постојат академии, постојат проекти, постои менторство и т.н. Тоа е перспективата сакале или не дека треба да се отстапуваат места на генерациите кои доаѓаат ако не тие во делот на критериумот (вист-ерго) ќе мора со сила да се истиснуваат. Тоа е она кое не треба да се случува затоа што се случи на Универзитетот преку ноќ да заминат повеќе генерации односно повеќе луѓе кои беа административно пензионирани. Љутски иубаво е некој да најави дека догодина во тој и тој ден ќе оди во пензија, па тоа да претставува, луѓе, по завршувањето на работниот век да дојде во организацијата во која се наоѓа. На прсти можат и да се избројат организации и луѓе кои се вратиле. Тие станале персони нонграта во институцијата во која доминирале пред тоа. Затоа мислам дека ова прашање заслужува внимание во Нацртот на законот за високото образование.

Третиот елемент на кој сакам на кратко да кажам , а тоа е еден од членовите се таксативно набројани членките на универзитетите.

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Светот признава полека развивање на наука и струка по критериумите на образованието за создавање на универзитети сродни по своите наставно - научни дисциплини. И ние треба во законската регулатива да оставиме еден простор во кој што универзитетите во перспектива ќе прераснат во заедница на универзитети со што фактички би можело во перспектива да се формира универзитет за биолошки науки, универзитет за медицински науки, универзитет за технички науки итн. Треба да се создаваат предности кои што ќе бидат конкурентни и курентни на светскиот пазар на знаење, а денеска во делот на тоа знаење ние треба да се придржуваме.

Нека ми биде опростено ако кажам дека страховито е тешко да се инвестира во човечкиот фактор, и дека ние сме навикнати врз база на критериуми кои што досега постоеја во оваа наша држава ка- де беше борба за титули и по критериуми за унапредување, но без оглед што тоа претставуваше вредности како знаење. Сигурно имаме фрапантни резултати во делот на науката и образованието за овие 50 години од формирањето на државата Република Македонија, но дека не можеме да бидеме задоволни од ова што денеска го имаме. Исто така, нека ми биде опростено на крајот да кажам една работа, Стоматолошкиот факултет и Клиниките на Стоматолошкиот факултет денеска имаат критериуми на светска институција, внесуваме нови критериуми, нови знаења, нови вредности, но уште се сретнуваме со проблемот инвестиција во човечкиот фактор, преминувањето од еден критериум што бил да се доаѓа на работа до критериум да се создадат предности со кои што само на пазарот и на струката и науката и во образованието ќе имаме само знаење и знаење. Никаде во светот не се цени незнаењето и незнаењето може да има и нација и индивидуа и ако е тоа погрешна теза, затоа што

според една мисла големите луѓе од делот на науката, од струката, од политиката и оние луѓе што создале светски вредности, тоа се граѓани на светот, немаат ниту нација, ниту конфесија. Тие припаѓаат на сите луѓе на светот. Ако изградиме така образовен систем и така пренапрегнеме некои делови за кои што се залагаме во оваа куќа и во ова Собрание, мислам дека перспективата ќе биде добра.

Би сакал два збора да кажам дека многу од оваа говорница особено се манипулира со еден термин, било што, ќе видиме што ќе се случи во перспектива. Дами и господа, мина времето на револуции, многу луѓе денеска се пресметуваат што треба да направат како вредности за утрешниот ден, перспективата е само во мирот, а еве и овој денешен ден во Брисел како Партнерство за мир е придонес на се она за кое што се залагаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓа Малинска.

**ПЕРСИДА МАЛИНСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувана госпоѓа министер за образование и физичка култура. Министерството за образование и физичка култура во изминатиот период, навистина покажа извонредни резултати во однос на изготвувањето на законската регулатива во областа на образованието со законите за основно, средно образование и денеска законот за високото образование.

Јас по природа сум човек кој што сите закони што се овде на дневен ред во Републичкото собрание ќе бидам многу среќна ако бидат применливи во практиката, како и да му служат на народот. Поради тоа

денеска сакам да зборувам за хиперпродукцијата на кадрите во државата, и да се таа хиперпродукција најде начин да се решава во иднина со тоа што ќе може да се инкорпорира и во овој законски проект. Со оглед на тоа што со законот за високото образование се уредуваат условите за основање, вршење, престанокот на дејноста на Универзитетот, на факултетите, на уметничките академии и високите школи, предлагам како новина да се внесе и мораториум на уписот за одредено време. Јас имав во овој контекст и едно пратеничко прашање на кое што Министерството за образование ми одговори дека Министерството за образование во координација со Универзитетот размислуваат на оваа проблематика како да се реши во иднина.

Предложената промена ја предлагам поради потребата со закон да се регулира мирувањето на уписите во високо образовните установи за одредено време, што ќе го регулира Министерството за образование и физичка култура во координација со Универзитетот. Ова го предлагам поради вишокот на кадри од одредени области, а со тоа ќе се обезбеди уписната политика во државата да биде аргументирана со цел дипломираните кадри да можат да се вработуваат, а не да завршуваат во заводите за вработување.

Воведувањето на мораториумот во запишувањето на студентите ќе биде првата мерка во планирањето од потребите на високостручни кадри во Република Македонија. По мое длабоко убедување, било какви други подолгорочни рестриктивни мерки во вработувањето на работниците во јавниот сектор не ќе може да се спроведат, до колку истовремено не се преземат паралелни мерки на рестрикција во системот на образованието. Во дадениот временски меѓупростор Министерството за образование и физичка култура ќе може врз основа на анализирани состојби и утврдени критериуми да ја создаде неопходната методологија за планирањето на потребните кадри од сите области, во соработка со

Универзитетот. Само ако се преземат соодветни мерки во продукцијата на кадрите може да се очекуваат резултати во решавањето на проблемот на невработеноста на работниците, како и на проблемот на рационализација на нивниот број во сите сегменти во образовниот систем.

Република Македонија не спаѓа во редот на богати земји да создава високообразовни кадри за извоз во другите земји и перманентен одлив на стручните кадри со врвен квалитет во богато развиените земји на Америка, на Европа, Австралија, кои што согледале дека е поевтино да се добие готов стручњак, отколку да се инвестира во нивното образование.

Уште од изминатите години постои и ќе постои идеја за реализирање на рационализацијата во вишото и високото образование, но поедини професори поради лични интереси идејата не се прифаќа, и ако би се заштедиле финансиски средства. Во времето на мораториумот, генерациски талентираните одлични ученици со завршено средно образование ќе можат да се школуваат во саканата насока со доделување на десет стипендии со што од ниедна генерација нема да биде спречено создавањето на врвни стручни кадри во државата. Ова е многу поевтино во споредба со огромните финансиски средства што се трошат на преголемиот број на новозапишани студенти секоја година,

Во контекст на споменатото ќе укажам на неколку примери. Во 1987 година укинати се Правниот факултет во Битола, Вишата земјоделска школа во Струмица. Истата година се реактивирани студиите за виши радиолошки техничари. Во 1988 година основана е Виша медицинска школа во Битола, како и интередисциплинарните студии за заштита при работа. Во овој период се под мораториум интередисциплинарните студии по ПТО и новинарство, а во учебната 1991 и 1992 година и Факултетот за безбедност и општествена самозаштита.

Студиите за новинарство повторно се реактивирани, а во 1993 година отпочна со работа Фармацевтскиот и Ветеринарниот факултет. И мислам дека е крајно време да се започне со промени во до- сегашната динамика на образовниот процес, односно на аргументирано со валоризирани аргументи да се зацрта уписната политика при што ќе може постепено да се решава, прво сегашниот вишок на кадри, а потоа и да не се создава нов вишок на кадри од сите факултети.

Селективноста на кадри како императив ќе одредува каде ќе се воведе одреден мораториум, во кои насоки во високото образование, без притоа, да се нанесе штета или губиток на талентираните кадри што се раѓаат во секоја генерација.

На крајот би сакала да кажам и збор - два дека е потребно во овој закон да се даде можност за изразувањето на спецификите на медицинската наука и неопходноста на нејзината претходна поврзаност со практиката, во членот 35. По мое длабоко убедување, прво, не би требало да се дозволи докторските студии за медицинарите да бидат достапни за оние лекари кои не се специјалисти по одредена дејност. А тоа би значело,завршување на Медицински факултет, полагање стручен испит, запишување на магистратура и по негово добивање, исполнување услов за докторат. И второ, без обученост за практична при- мена на теоретските медицински знаења, се создава кадар само за наставно - научна работа, а не и за пружање на врвна здравствена заштита што се укажува на клиниките на Медицинскиот факултет во Скопје. Од овие причини по исклучок за медицинските науки, специјализацијата да биде алтернатива за магистериумот како услов за стекнување право на докторат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Газменд Ајдарага.

II/6.-

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри. Вклучувајќи се во расправата по Предлогот за донесување на закон за високото образование, веднаш ќе кажам дека ова што ќе го изнесам овде од оваа говорница не ќе биде строго врзано со многу важната тема за која разговараме овие два дена. Тоа го велам од причини што иако сум високообразовен, сепак, мојата специјалност не да- ва особена можност за расправа по оваа тема. Свесен сум дека вие како пратеници а и јавноста со внимание го следи се она за што се залагаме ние како пратеници Албанци во ова Собрание, особено по ова прашање кое што доста беше експлоатирано во негативна смисла во последната година.

Чинот на донесувањето на овој закон го сметам за светол чин, бидејќи се работи за закон кој што ги дава рамките на високото образование, начинот на стекнувањето на знаење, стекнување на високо образование. Патем да речам дека наша обврска што произлегува од порано е да за стекнување на знаење, ако е потребно треба да се оди и до далечна Кина. Оттаму и големата важност што му се придава на овој закон.

На сите вас ви е познато дека сум пратеник на општина Дебар, општина во која од поодамна живее поголем број од албанско население, кое што пак на прашањето за образованието од секогаш давало особено значење, поради што во поранешна СФРЈ, но не и денеска, имало голем број на високообразовни кадри од скоро сите профили. Граѓаните на дебарска општина од албанската националност во поранешна СФРЈ своето високо образование го стекнуваа главно на факултетите од Косовскиот универзитет, од Приштина, како и на сите други факултети ширум СФРЈ.

II/7.-

Во осумдесеттите години од овој век, дебарска општина имаше на сите години на универзитетите околу 50 0 студенти. Што се случува денеска? Денес на сите универзитети во Македонија, Албанија и други земји бројката не преминува број 50, што значи дека има само околу 10% од поранешниот број на студенти. Секако дека преставува бројка која ние како Дебрани, а посебно како Албанци сме загрижени. И токму поради тоа поголемо внимание му посветуваме на овој закон со сите оние наши заложби за што подобро составување на законот.

Поаѓајќи од овие бројки кон кои треба да се придодадат и бројките изнесени од неколку пратеници овде, претходни дискутанти, лесно може да се заклучи големата потреба од универзитет на кој што наставата би се изведувала на албански јазик, што всушност значи потреба од легализација на тетовскиот универзитет, кој што за жал, е претставен како опасност за државата. Од каде таквите заклучоци, не можам да бидам свесен, но затоа нека мислат кои што ги лансираат тие тези. Многу често, за жал, во средствата за информирање тетовскиот универзитет е претставен како злонамера. Зошто тоа? Потребата од високо образование на Албанците на својот мајчин јазик е императив на времето без кој што не е можен влез во Европа. Универзитетот на албански јазик не е политика, туку потреба.

Кога зборуваме за Предлогот за донесување на законот за високо образование се залагам во членот 9 да биде дадена можноста наставата за студентите односно припадниците на националностите да се изведува на јазиците на националностите и без посебни ограничувања. Исто така се залагам да биде овозможено високообразовната дејност да може да се остварува и на еден или на повеќе светски јазици. За таквата потреба зборуваше и професор Вангелов. Се согласувам високообразовната дејност да биде јавен интерес и да се врши како јавна служба. Меѓутоа,

не можам да се согласам со тоа основањето на универзитети од домашно и странско правно лице да биде под концесија на Владата.

Според мене би требало да постои само исполнување на условите, но не и концесија, а тоа впрочем, ни го наметнува и времето во кое живееме, а тоа е времето на пазарната економија.

По однос на прашањето на автономијата на универзитетот, се согласувам да биде највисока автономна високообразовна институција. Меѓутоа, се прашувам како ќе биде во состојба да ја одигра таа улога, ако основачот избира во органот на управувањето на универзитетот, во Сенатот до половина од вкупниот број членови на Сенатот. Оттука и ги поддржувам залагањата во Сенатот да бидат застапени помалку од половината членови избрани од основачот.

По однос на правото за запишување во наредната година се залагам за алтернативата на член 43, бидејќи чест на натпросечните но не е факултетот оној што се завршува само за четири години. Еве една мала шала на моја сметка односно на факултетот. Кога студирав во Загреб имаше една слика на која беше нацртана една патека и патеката во просек траеше 8,5 години. Не се согласувам да се надоместуваат трошоците од страна на студентите што ја повторуваат година та. Господо, тоа е универзитет,не е играчка, треба да се совладуваат предмети, но сепак тоа е студија. Можеби тоа држи, ако се работи за запишување на годината по трет пат, а во никој случај по втор пат.

Сходно на ова треба да следи регулирање и на членот 45 по однос на негубењето на статусот студент. Се залагам за тоа програмата за високообразовната дејност да ја донесува Собранието на РМ, а не Владата.

И уште нешто, мојата забелешка сходно на член 117, Универзитетот во Битола не е формиран од страна на ова Собрание и Влада, туку Универзитетот во Битола се знае како е формиран. Формиран е по иницијатива на општините и поддршка на општините, условно да кажам од Западна Македонија, а не по иницијатива на Собранието, зашто се знае што се случуваше по односното прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувана министерка, почитувани дами и господа, се придружувам кон сите дискутанти кои ја истакнаа неопходноста и потребата од донесување на закон за високото образование, меѓу другото и од причините наведени во текстот на понудениот предлог и од причини што полека треба да се заокружува една многу чувствителна сфера т.е. образованието особено по усвојувањето на Законот за предучилишно и основно, односно средно образование, по редот на нештата требаше да уследи и усвојување односно понудување на текст на закон за високото образование.

Мислам дека со новиот закон ќе се создадат можности за поинаква поставеност на високообразованите установи, пред се универзитетите, кои ќе бидат во духот на времето и измените кои настанаа во државата со оглед на измените во политичкиот,општествениот, економскиот, па и образовниот систем во државата. Сметам дека концептот на законот како таков одговара на современите текови воопшто во општеството, а особено во областа за која е наменет законот. Од тие позиции гледано, текстот на понудениот предлог сметам дека може да добие една висока оценка.

Што се однесува до општата расправа, па и конкретната по однос на содржината, според мене, две прашања се посуштински кои треба во иднина во текот на доработка на текстот односно при понудување на дефинитивен текст на Предлог на закон за високо образование, предлагачот, односно Министерството за образование треба повеќе внимание да посвети на тие прашања за кои подоцна ќе дискутирам.

III/2

Едно од крупните прашања е прашањето на начинот на основањето на високообразовна установа, а пред се Универзитет, каде што сметам дека се уште има простор каде што законот треба да се допрецизира и во поглед на исполнувања на условите и во поглед на прашањето на јазикот на кој би се изведувала наставата и по прашањето на постапката која се води во рамките на Владата односно Министерството за образование.

Длабоко сум убеден дека со Законот за високото образование не треба да се води јазична политика, односно сметам дека одредбите на членот 9 или треба да бидат во духот на уставните одредби или тие воопшто не треба да бидат предмет на регулирање на оваа сфера во рамките на овој закон, па адекватно да важат уставните одредби и по однос на оваа проблематика, доколку сметаме дека ова прашање треба да биде попрецизно односно поадекватно регулирано...

Исто така, не можам да се согласам со стеснување на рамката и по однос на изведување на настава во однос на странските јазици, бидејќи тоа е потреба. Нема да кажам дека пријатно сум изненаден од многу професори овде кои разговараа и кои ја истакнаа потребата од образование на еден од светските јазици, туку напротив тоа го очекував од нив, бидејќи сметав дека тие се најкомпетентни да се произнесат по тоа прашање.

Кога е во прашање можноста за изведување настава на албански јазик односно на јазиците на националностите, сметам дека ваквата операционализација на членот 9 е нарочно направена за да се замагли една ситуација односно на неколку параграфи од членот 9 да се стесни можноста од изведување на настава на јазиците на националностите, што сметам дека е непотребно и може да има далекосежни штетни реперкусии од практичните, постојните, реалните параметри и состојба, а

и во поглед на она што следи како потреба за образование кај албанците. Оттука, дискусиите на многу пратеници албанци кои беа овде, можеби како што рече еден од пратениците и со една доза на емоции, на неконтролирање на она што треба да биде реално, сметам дека треба да бидеме пореални во поглед на тие емоции, зашто денешната расправа во однос на прашањето на високото образование за албанците е од посебен интерес и во рамките на тој посебен интерес во државата. Оттука, напротив јас нив ги разбирам како што барам да ме разберат и останатите колеги македонци како дел од тие пратеници албанци, зашто тоа навистина е една неминовна потреба за албанците во Македонија денес.

Вие ја знаете ситуацијата по настаните кои се случија по исклучувањето на можноста албанците да се образуваат на Приштинскиот универзитет, ги знаете сега флуктуациите Скопје - Тирана итн. Сметам дека тоа, напротив, може да има далекосежни потешки последици отколку на албанците да им се овозможи образование на свој јазик во рамките на постојниот, единствениот систем на образование во Република Македонија.

Од тие причини, сметам дека членот 9 неминовно треба да преугрпи измени во смисла на она што досега беше укажано.

Сметам дека треба да се преиспита прашањето регулирано во членот 23 во однос на постапката за регистрирање на високообразовна установа. Мислам дека како второстепен надлежен орган, кој ќе се произнесува по жалбата на основачот на ваквата институција треба да биде Судот а не орган на управа односно Владата на Република Македонија. Не знам какви се искуствата на одделни земји во однос на оваа проблематика но сметам дека може да се изнајде поадекватно решение доколку ова прашање биде решено на ниво на третата власт односно судските органи.

Не ми е јасна одредбата во членот 36 став 2 во поглед на бројот на запишувањето на студенти во делот на јавните установи, од причина што ставот 1 е дециден и тој ги дава критериумите односно точно ја лоцира постапката односно одлуката која ја донесува за бројот на студентите, а тоа е Владата на Република Македонија, која преку буџетот се јавува како финансиер на јавната установа од овој тип, додека во вториот пасус се дава и самата установа да ги надмине тие критериуми и тие бројки и таа самостојно да одлучува. Доколку е така, тогаш не ми е јасен претходниот параграф односно став од членот 36.

Мислам дека кога е во прашање степенот на оценување на студентите во членот 42, треба да се прифати една поинаква практика и да имаме еден унифициран систем на вреднување и бројките од 5 до 10 мислам дека е поадекватно да се заменат со бројки од 1 до 5, начин кој е во пракса повеќе години во основното и средното образование, а мислам дека и во останатите познати универзитети ваква практика се применува.

Што се однесува до критериумите з& запишување на годините во текот на студирањето, мислам дека треба да се поддржи ставот изнесен во алтернативата, зашто основната одредба од членот 43 мислам дека е престрога и може да има реперкусии врз едно нормално функционирање за студентите кандидати кои во иднина би биле запишани на факултетите низ универзитетите на Република Македонија.

Мислам дека треба да се најдат сили во преодните и завршните одредби во членот 117, покрај двата универзитети "Свети Кирил и Методиј'" и Универзитетот "Свети Климент Охридски" кои се антиципирани во членот 117 во однос на преодните одредби треба да се најдат сили да се заокружи постапката за институционално решавање на проблемот на Универзитетот во Тетово и во рамките на членот 117 завршните и преодните одредби треба да го регулираат и прашањето за преструктуирањето на овој Универзитет во Тетово.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Даме и господа, јас ќе бидам сосема краток, ова во некоја смисла треба да се сфати како одговор на некои ставови кои вчера се изнесоа. Јас особено ги почитуван дискусиите на почитуваните професори професорот Вангелов и Богдановски со една мала дистинкција која се однесува до јазикот односно јазикот на кој ќе се изведува универзитетската настава. Значи се она друго што беше изнесено од нивна страна од аспект на рационалност и функционалност, беше едно перфектно излагање како да луѓето излагаат пред своите студенти. Јас го прифаќам како такво но мислам дека кога се работа> за наставата односно јазикот професорите треба да се потрудат да го премостат тој јаз кој објективно постои, за да сето она друго што овде се изнесе како палетизација на универзитетската настава како политика и другите тези, мислам дека пред се треба да се сфатат од аспект на причината. Ве молам, кој ја политизира оваа потреба на албанците за високообразовна институција на албански јазик? Ја политизира токму актуелната власт и политичката гарнитура која не овозможува настава на албански јазик. С0то она друго е само последица.-

Во таа смисла, мислам дека почитуваните колеги, односно присутните во оваа сала би требало да покажат поголемо разбирање, почнувајќи од тезата - она што го дозволуваш себеси, признај го и на другиот. Јас ова го истакнува од аспект на она што крајно време е да се престане со политиката на кроење на одела за другиот не по негова мерка туку по мерка на оној што ги крои. Мислам дека таквите одела од овој аспект од образован карактер сигурно дека не се адекватни и тие одела секој пат ќе произведуваат во континуитет проблеми, тензии итн.

III/6

Да не должам понатаму, мислам дека треба да се направи првиот чекор токму во оваа смисла, во смисла на овозможување и на албанците да имаат високообразовна институција на албански јазик во Македонија почнувајќи од следните две причини.

Не треба да се заборави фактот дека во поранешната држава албанците имаа таква високообразовна институција идентификувана со Приштинскиот универзитети и токму на тој Приштински универзитет лежи најголемата заслуга што албанците денес во Македонија имаат каков таков интелектуален кадар. Во спротивно, јас сум длабоко уверен дека албанците во Македонија денес ќе беа во тотален образован мрак. Тој факт треба да се има предвид кога се размислува од аспект на,она што се нуди со овој предлог на закон. Значи, ако веќе постоела таква институција, а таа постоела, таква институција може само да се развива, а не да се укинува, имајќи ги предвид сите тие критериуми кои овде се изнесуваат од компетентни лица. Тоа е едниот пример.

Вториот пример, со кој јас ќе завршам: би предложил еден хипотетичен пример. Како би било присутните во оваа сала и предлагачот на, овој закон да замислат еден ваков пример: позитивно да се дискриминираат па да прифатат обврска нивните деца или студенти да учат наместо на македонски на албански јазик, па тој благодет да го осетат самите на себе, па јас верувам дури после сигурно ќе најдат сили сето тоа ние денес што го бараме да го разберат....Јас мислам дека стрпливо слушав во овој Парламент, би било редно да ме сослушате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжете.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Да ја завршам мислата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжете господине Османи и немојте да дофрлате, ве молам.

III/7

**РУФИ ОСМАНИ:**

Значи, да ја завршам мислата. Зборот ми е, дајте господа да го прифатите тој хипотетичен пример и сигурно тогаш ќе покажете поголемо разбирање за ова што некој овде го нарече емоција. Знајте господа, тоа не е емоција, тоа е одраз на една реална состојба, на една реална потреба која за жал од ваша страна никако да се прифати како реалност и да се одобри. Јас мислам дека крајно време е во таа смисла да се прекине оваа политика на наметнување на волја на другиот кој живее заедно со вас, а бидејќи заедно живееме, тогаш првиот чекор на взаемно разбирање и комуницирање е удоволување на една потреба имајќи ги предвид сите критериуми кои овде се истакнаа.

Ова го истакнува имајќи предвид уште еден момент, јазичниот ѕид. Ве молам во грото дискусии тој јазичен ѕид секој пат се сваќа еднонасочно. Јас мислам како практика крајно време е тој јазичен ѕид да се сваќа двонасочно. Мене лично не ми пречи ниту пак ќе ми пречи, она што јас го познавам македонскиот јазик тоа ми била граѓанска обврска. Потрудете се и во обратната смисла господа и сигурно дека недоразбирањата секој пат ќе бидат помали и помали. Јазичниот ѕид или ќе се сваќа двонасочно или секојпат ќе биде ексцелератор на многу проблеми или потенцијални конфликтни состојби.

IV/1/ПЈ/лј

**РУФИ ОСМАНИ:** (продолжение)

Па, така ќе завршам со она што еdниот почитуван г-дин го рече дајте господа првиот чекор нека биде токму овозможување на високо образовна институција на албанскиот јазик, имајќи ги предвид сите критериуми што компетентните лица овде ги изнесоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Вангелов.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Јас се извинувам однапред што ќе морам да повторам некои основни тези од моето вчерашно излагање, за да не дојде до дополнително недоразбирање. Цврсто сум уверен дека малите земји, особено со димензии каква што е Македонија, без еден дополнителен напор, а тоа е напор на совладување на странските јазици, не само во овие специјалистички факултети кои се занимаваат со јазиците, туку во сите домени во природните науки, техничките науки итн., не ќе имаат шанса да бидат конкурентни, компатибилни и стандардни по однос на тоа што е денеска знаење во светот. Бидејќи капацитетите особено стопански на тие земји се исто така ограничени и мали, не ќе може на друг начин или на ефикасен начин, да се компензира тој недостиг од комуникативни капацитети на светски јазик, т.е. на јазиците на големите култури и на големите водечки империјални економии.

Оттаму, сметам дека и инсистирањето на еден друг момент во високото образование каде што ќе се става акцент на јазикот и н а македонскиот, не само на албанскиот е не само сериозна пречка. Можеби, јас сум се уште осамен во тие гледишта, но морам да го изложам сосема прецизно своето становиште.

Една таква оптика, или една таква ориентација сметам дека низа и многу од овие прашања, кои денеска нам ни се чинат крупни и нерешливи и конфликтни и такви кои произведуваат тензии ќе отпаднат

сами по себе, затоа што моето уверување е многу едноставно, универзитетот треба да произведува професии, а не екстатични, национални природи кои ќе се ориентираат кон својата историја, а не кон ствар носта и по она што може да служи како некој вид животен и економски коректив на таа стварност.

Спомнав, исто така , прв чекор на кој ме потсети г-дин

Османи и јас му благодарам на неговата љубезност, тој контекст вистина беше односно тој чекор беше спомнат во оден друг контекст, но да асе разјасниме и во таа сфера тука јас би предложил тука со ваш допуст се разбира, уважени г-да пратеници еден пример. Имав пред нееколку месеци да прочитам една брилијантна книга од еден брилијантен специјалист кој се вика Шабан Демирај и тој е претседател како што ви е познато, на албанската академија на науките и на уметностите. Имав, исто така можност, да направам еден директен контакт со г-дин Шабан Демиреј, и морам да ви кажам дека е тој еден необично образован човек кој публикува, ја публикува историјата на албанскиот јазик на германски јазик, што можам да ја читам, но не можам да ја прочитам на албански јазик и тоа е мој минус. Тоа значи дека заради моите стручни потреби, а не политички, потребно е во извесна степен, иако годините не ми го допуштаат тоа да го совладам тој јазик, затоа што мене ми придонесува во мојата стручна компетенција. Ние мораме да се грижиме имено за една таква ситуација и верувам дека ако во тој поглед ние го сториме првиот чекор, ќе дојдеме до некои конкретни резултати. Сега вие ќе си поставите прашање зошто се повикувам врз примерот има ценетиот академик Шабан Демирај. Па, затоа што познавам и скопски професори од определени области, кои говорат албански и кои се занимаваат со лингвистика во Скопје, меѓутоа, тие ни од далеку не се од тој формат како академик Шабан Демиреј. Вие ќе се прашате може би немале услови господа, има услови, меѓутоа, тие и двајцата или и тројцата или

петмина не сакам да ги набројувам, тоа е непријатно од оваа говорница и не би било коректно, се разбира, пред една пред две или три години ги завршија своите универзитетски обврски или така наречени докторати. Каков заклучок извлекувам од сето тоа. Извлекувам дека потребно е ние да се концентрираме на одделни личности на одделни институти, на конкретни обврски и конкретни потези. Ако јас можам да го читам и да се воодушевувам од брилијантната балканска лингвистика на г-дин Шабан Демирај, потребно е како што при такви околности потсети академик Божидар Водевски, да се преведе на албански јазик, исто така, еден брилијантен труд од светски глас и авторитет, како и трудот на г-дин Шабан Демиарај, а тоа е историјата на македонскиот јазик, на нашиот знаменит лингвист и поет Блаже Коневски. Ви благодарам на вниманието и се надевам дека се разбравме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-дин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри и почитувани колеги пратеници,прва фаза во донесување на секој закон значи да се отвори една расправа општа, се разбира и во секој поглед да се помогне на предлагачот на законот, на предлогот со сугестии, мислења, коментар од сите области, за на крајот на краиштата тој изготвувач на Законот, практично, од сето тоа има и одредена корист. Ползата и користа да донесеме закон кој што ќе биде апликативен закон кој што ќе ги задоволи пред се на оние на кои што им е наменет, а креаторите да бидат задоволни дека точно предложиле и им е усвоен еден таков закон.

Составот на овој парламент треба да обезбеди една таква комуникација, но сепак во досегашнава расправа, тек - тук министерството ќе може да биде задоволно и практично да нотира некои конкретни, јасни забелешки со најголема сериозност, или ќе ги земе предвид, или пак во текот, во времето во кое што претстои ќе

комуницира со одредени субјекти, пред се, од областа на високото образование, универзитетот, а потоа практично во следните фази да добиеме закон кој што ќе има многу малку, или минимум амандманска расправа и амандмани. Јас така ги прифаќам сите практично донесени тука закони и целокупната технологија, би ја рекол и процедура на едно вакво високо парламентарно собрание, кое што е и најодговорно да ја донесе конечната одлука.

Јас ќе се обидам да укажам на некои работи, реков ќе укажам во многу те од нив ќе посочам, ќе сугерирам размислувања на министерството, се разбира кој што претстои, а во некои случаи ќе бидам и конкретен. Пред се, останува за мене дискутабилен називот на законот, бидејќи не е усогласен со членот 46 од Уставот на Република Мкаедонија каде што поимот универзитет стои и со него се манипулира. За мене има некое толкување дека високото образование е еден поширок поим, опфаќа една поширока дејност, вклучувајќи институти и институции без кои што универзитетот не би можел да опстои и да работи. Според тоа, сметам дека треба да се види дали има смисла да ние го прекршуваме Уставот. Ако има можност за една таква корекција би молел тоа во следниот период да се земе предвид. Никаде во законот или многу комплексно се дадени вишите школи кои што се уште ги имаме, било како самостојни, било како дел од повеќе степеното студирање, така што мислам дека треба и тој поим во следните фази да биде практично дефиниран. Она што значи автономија и непровирливост на универзитетот јас повеќе го чувствувам дека помалку е проблемот во она што значи физичка автономија каде што, исто така, мора да бидат правилата на игра додефинирани, а многу повеќе јас автономијата ја подразбирам и сметам дека е по фундаментална во смисол на она суштинското значење на автономната работа на универзитетот во сите негови атрибути.

IV/5.-

Членот 9 кој што на некој начин овие два дена одзеде најповеќе време, можеби со право, затоа што ова што ни се случува овие два дена јас го навестив пред една година и нешто повеќе, одолговлечувањето тој проблем, да се стави тука на една демократска, конструктивна расправа каква што имаме овие два дена со исклучоци на некои да кажеме сепак неконтролирани, би рекол, изјави па и закани во смисла дека мајките ќе плачат, дека ништо не е постигнато итн. Значи, во основа сум за дијалогот и сум среќен, задоволен што конечно тој дијалог од вчера наваму го воспоставуваме со напомена дека сакале или не сакале сигурно дека следна расправа во овој парламент ќе мора да бидат ставени меѓунационалните односи, затоа што ние многу закони, многу нешта практично ги претвораме во расправа кое е нивото и квалитетот на тие меѓунационални односи. Нека биде ова повик и предизвик до Комисијата за меѓунационални односи на некоја седница да се подготви и практично да се отвори расправа во ова смисла. Ќе ни биде на сите многу полесно во смисла на тоа дека нема да ги политизираме сите закони во кои што нема потреба од политизирање. Сега, на некој начин се дочекуваат таквите прилики како шанса, практично, да се оттргнеме, од она што е суштина на законот и слично. Имено, има опасност оваа расправа од Законот за високото образование ја претвориме во расправа и на овој закон да му ставиме наслов закон за параунивезитетот, што би било катастрофално од причини што треба да донесеме еден закон за универзитет, но што е тоа е.

Мојот предлог на текстот на членот 9 би бил следниот. "Високо образовна дејност да се остварува на македонски јазик". На педагошките факултети на кои се образуваат кадри за предучилишно и основно образование, одделенска настава, наставата по методиките да се изведува на јазикот на националноста. За изучување на методики на останатите наставнички факултети кои образуваат кадри за основното образование, предмет на настава и целото средно образование на

јазиците на националностите да се формира дидактичко методички центри. Она што значи негуваше, развивање, на културен, национален и јазички идентитет поделени по одделни факултативни наставни дисциплини, наставата може да се остварува и на јазиците на припадниците на националностите под услови утврдени во статутот на универзитетот, односно факултетите и овој закон. високообразовната дејност може да се остварува за одделни наставни дисциплини на еден од светските јазици според условите утврдени во овој закон и со статутот на високооообразовната установа се до оној момент кога ќе бидат создадени услови и за севкупна настава на еден од светските јазици.

Во членот 13 да биде појаснета определбата и зборот "и билатерално спогодување", што е многу битно и мислам дека во наредниот дел треба да ова прашање, на прашањето на концесии, ингеренциите да не бидат само во компетенции на Владата на Република Македонија. Сметам дека универзитетот треба да биде вклучен во давањето на овие концесии, затоа што во краен случај практично универзитетот е тој кој што ќе треба да спроведе, да реализира одредени концесии кои што некој друг ги дава, ги верифицира, ги потпишува. Може да се деси практично, непосредните извршители на оваа дејност, практично, да не се согласат или едноставно да немаат услови за една таква дејност на територијата, се разбира, на Република Македонија, без оглед на меѓудржавните спогодби кои ќе се склучуваат.

Мене во целиот текст не ми е прифатлив воведениот нов термин за студии изменет во до дипломски студии. Може би, не ми е прифатлив, како што рекоа некои од претходните дискутанти, затоа што најповеќе од нас тука навикнавме на поимот студии, магистерски или после дипломски студии и докторска дисертација или докторати. Кај мене овој поим внесува и една јазичка дилема, па би молел филолозите да ме сослушаат добро. Барам нивна сугестија.

IV/7.-

До дипломски студии значи студирање до дипломирањето. Ако земе предвид фактот дека најголемиот број на факултети имаат завршен дел, дипломирање, дали во форма на дипломска работа, што е најчесто, како завршен дел на студиите, или пак имаат некоја друга форма на семинарски трудови или слично, сметам дека ќе треба да добиеме образложение за воведувањето прв пат на овој нов поим до дипломски студии.

V/1.- НН/ЉР

**ТОМИСЈ1АВ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

Органите на управување, бидејќи се поврзани со автономијата на Универзитетот сметам дека во однос на Универзитетот се доста рестриктивни и практично означуваат една недоверба и една огромна контрола да по секој начин не се дозволи да бројот на членовите кој што одлучуваат да не ја премине онаа граница која што означува межник на одлучување. Сметам дека во овој случај јас го респектирам ставот на Министерството па се разбира и на Владата дека Универзитетот го финансира Владата, и дека треба да се има увид и контрола во дејност,но сметам дека сепак останува тука и простор и време за Универзитетот разговаата, преговараат се консултираат со Министерството за да овој поглед дојде до што порационални решенија. За мене на пример неприфатливо е да генералниот секретар на Универзитетот веднаш да кажам ниту лично го познавам, ниту имам некои контакти со него, да не биде член на Универзитетската управа. Мислам дека тука има места за компромис има места за да практично Универзитетот навистина има автономија која што ја заслужува неговата позиција во ова општество и во оваа држава.

Републичкиот фонд за високообразовна дејност како новина сметам дека е добро решение,но исто така мислам дека овој фонд треба да има подефиниран статус бидејќи е поврзан со Универзитетот и сметам дека директорот на овој фонд не треба да го именува Владата, туку треба да оди на јавен конкурс кој што ќе значи едно подемократско и поквалитетно решение. Сигурно дека она што значи финансирање, работа на Универзитетот едно комплексно прашање и мислам дека и во тој поглед постојат и други алтернативи и подобри и поквалитетни решенија, но во основа ја прифаќам заложбата на Министерството дека нозете ќе можеме да ги пуштиме онолку колку колку што ни е јорганот.

Делот кој што во основа би требало да биде за нас најатрактивен затоа што тој е делот кој што се однесува на најголемиот број на субјекти и за кој што овој закон ние го донесуваме, тоа се студентите. Ние најмалку во оваа наша дводневна расправа се осврнуваме на ова прашање. Дали од одредени предрасуди, дали поаѓајќи од она што значи автономија, мислам дека тука сме и нечесни ќе речам, во смисол на тоа дека бараме автономија на Универзитетот, но најмалку мислиме на нашите студен- ти ради кои што ние сме на факултетите, на Универзитетот, а не тие ради нас.

Бројот на студенти што ќе се запишуваат надвор од она што значи одлука на Влада, сметам дека е многу комплексно и атрактивно прашање. Атрактивно го велам, затоа што дозволува можности како што и некој други изнесоа тука и за водење на една субјективна дури и пристрасна политика поаѓајќи од интереси на одредени факултети, катедри и сл. во контекст на дури на заложби на одредени тука претставници од Универзитетот кој што јас чисто јас мислам особено ги респектирам и создавањето на некој начин платформи за безгранично постоење и на нешто што утре ќе мораме да се соочиме дека можеби времено и не ќе ни треба.

Јас малку повеќе се задржам на овој дел што значи и како што тука е вграден во глава IV како студенти. Ќе се осврнам на неколку членови кој што директно практично значат изнесување на практични примери од секојдневниот живот а тоа се членовите 41, 43 и неколку други. Во членот 41 дадени се многу рестриктивни дури би рекол теоретски рокови да студентот можат да остави при- говори во срок од 24 часа. Ако земеме за обѕир дека честопати резултатите од испити се истакнуваат во доцните вечерни часови и ќе треба во аулите на факултетите дури со џебна батерија или да не речам со свеќа да се пронајде резултатот од

студентот и да му состави срок само 24 часа за евентуален приговор, ако не е задоволен, сметам дека тоа практично се граничи со неможностите. Мислам дека тука треба да се дадат едни пореални, пооптимални рокови кои што треба да се движат околу два и три дена, а испитот да се обави може во срок од 24 часа.

Она што значи редовност на студиите можеби истратешка определба. Со обѕир на тоа дека Универзитетот досега направи огромни напори да се вклучи во вкупните општествени и репродуктивни токови, со намалувањето на бројот на студенти за неполни 10 години од 95%, а тоа е 1/4 тоа е еден оргомен придонес кон она што значи нашата стварност. Сигурно дека во овој период се случија многу нешта за кој што зборуваа многу колеги тука, меѓутоа, прашањето на квалитет ш студии, уште повеќе можеби пообјаснет со поимот "редовност на студиите" мора да го прифатиме, сепак една резерва, затоа што се работи за запишување на наредна година само со два неположени испити од бројка која што најчесто е над 10 па дури 14 и 15. Сметам дека тука алтернативата треба да се прифати без алтернативи да се даде можност до февруари и се придружувам кон претходните колети кој што се заговорници на овие студенти,практично после неисполнувањето на условот да не го плаќаат школувањето затоа што тоа се сепак редовни студенти и би било катастрофално ако нив ги оддалечиме од процесот на студии.

Прашањето на нострификација и еквиваленција е едно многу суштинско прашање, за кое што се предвидува со овој закон, за разли- ка од досега многу строги казнени одредби, но би сакал за ова да дадам еден свој придонес. Секогаш сум за казнени одредби како последна мерка. Претходно сум да се искористат сите можности кои што ги даваат и Законот и демократското изјаснување. За што имено станува збор.

V/4.-

Ако го прифатиме членот 107 и 108, па и 109 вакви како што се ќе имаме една конфузија, ќе имаме една недореченост, која што сакале или не сакале ќе резултира со мноштво на казнени санкции

Имено, постапката за нострификации и еквиваленција е оставена исклучиво во компетенција на ресорното министерство. Јас предлагам членот 108 кој стриктно ја дефинираа оваа материја да биде малку попрецизен со тоа што нострификација на диплома стекната во странство и еквиваленција на странска јавна исправа врши Министерството надлежно за работите на образованието по претходно не како што стои "факултативно добиено мислење за еквиваленција", туку по претходно добиено позитивно мислење на соодветната високо-образовна установа, вклучувајќи ако треба и проверка на знаењето. На овој начин практично ќе го дефинираме она што значи институција нострификација, затоа што морам да укажам дека многу факултетиски ни се во опггек од неверифицирани универзитети кои што можат да ни нанесат многу недоразбирања, па дури и без потреба да се внесуваат казни онаму каде што и не треба.

Сега, прашањето кое што провејува овие два дена практично како најатрактивно, најпроблематично, морам да кажам и со право сметам дека во оваа расправа треба да внесеме се она што значи дијалог на конструктивен и аргументивен. Не можам да се согласам дека досега ништо не е направено, дека оваа држава направила само за македонците. Не можам да се согласам дека ние сега треба да се натпреваруваме меѓу себе. Јас оваа држава ја подразбирам како држава на сите и оваа држава ќе има и прогрес, и иднина ако ние сите како субјекти во оваа држава се натпреваруваме со светот.

Не ќе ни биде ниту корисно, ниту продуктивно ако ние високото образование го сведеме како натпревар помеѓу македонци, албанци, турци, срби и останатите кои живеат тука.

V/5.-

Ние сме граѓани, државјани на оваа Република. Дозволено е образование на сите, се разбира поодредени услови, како што било и досега и практично во овие два дена се искристализира одредени цели и намери. Јас не можам да сфатам дека медицинските, природните науки, техничките науки, економијата и се она другото дека има јазични и други бариери. Ние се бориме за влез во Европа, и сметаме дека практично во сето ова, како што рекоа и некој претходни дискутанти единствен аргумент, единствена виза и валута ако сакате ќе бидат индивидуалните знаења како никако колективни знаења, никаде колективни дипломи без оглед на кој јазик тие ќе бидат испишани.

Сигурно дека искуствата во овој поглед треба да ни бидат драгоцени. Сметам дека многу изречени мисли дека легализирањето на Тетовскиот Универзитет ќе биде историски, јас можам да го наречам дури, точно може тоа да биде, антиситориски чин. Зошто?

Ние имаме универзитети, ние имаме интелигенција, вклучувајќи ги и Албанците, врвни интелектуалци, лично ги познавам без оглед каде ги завршиле своите студии. Имам лични пријатели кои4 што сигурно не ќе можат да се согласат со констатацијата дека Универзитетот влегува во втора година, а практично знаеме како работи и зошто работи. Ако е Универзитет да таму дечињата одат без чевли, нека ме коригира кој сака, за мене тоа е болна глетка бидејќи сите деца ги сакам подеднакво. Нема причини да не ми се верува затоа што децата ќе бидат такви какви што ние ќе ги воспитуваме и апелирам на колегите во воспитно образовниот процес, во основното и средното образование повеќе да се позабават со квалитетот на наставата, а помалку со политизација на таа настава и манипулација на тие дечиња. Ако на тие деца од првиот ден на училиште не им се презентира, не им се укажува дека е ова заедничка татковина, дека главниот град на оваа држава е Скопје, а им се кажува дека нивна

татковина е Албанија, дека главен град е Тирана, не еден Универзитет драги почитувани колеги, десет универзитети на Албански јазик не ќе можат да придонесат од она што може да го постигне професорот, учителот, наставникот. Мораме да прифатиме дека многу работи држат, прашање е само од која дистанца ќе гледаме, како ги апсолвираме и како ги резонираме.

Сепак, морам да кажам дека Тетовскиот универзитет има помалку образовна филозофија и доктрина, повеќе политичка, затоа што повеќето дискутанти сами напоменаа дека Тетовскиот Универзитет треба да биде алтернатива или замена за Приштинскиот Универзитет . Тоа е веќе политичка одлука, тоа е веќе политизација на тој така- наречен парауниверзитет во Тетово. И тука не можам да прифатам дека од многу дискутанти практично се дискутира дека тој Универзитет работи легално, дека има веќе двогодишна традиција. Јас гласно ќе си поставам прашаше дали ние како избраници на народот, како членови на овој Парламент највисокиот законодавен орган на државата, највисоката институција, ако ние практично тука фаворизираме, апострофи- раме, афирмираме нешто што е легално, што е противзаконско.

VI/1 ЈМ/ПН

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Со кое право ние ќе бараме од граѓаните да ги почитуваат законите, ако ние тука во разни улоги на високи титули практично афирмираме нешто што е незаконски. Јас се прашувам дали можеме тогаш ние да казнуваме некого? Не сум за казни, меѓутоа, сигурно дека стоеја неколку забелешки дека и актуелната власт затаи во овој поглед, затоа што не обрна внимание на оваа институција и практично секое одолговлечување да се каже правата вистина утре веројатно ќе биде и потешко разрешливо и поболно. Сигурно дека не ќе биде незабележано дека на чело на овој универзитет стои универзитетски професор од Приштина, од Косово. Сигурно и тоа не е случајност. Случајноста е таа што само наречениот ректор Фадил Сулејмани е само роден во Тетово, Тетовско, проживеал таму неколку години од својата младост, некаде до 16-та, или 18-та година, повторно се врати сега да формира универзитет во Тетово. Сепак не е случајно, има своја подлабока содржина и подлабока се разбира заднина. Јас тука не сакам да бидам погрешно сфатен, национален, културен, образовен идентитет е едно, универзитет на албански јазик и утре евентуално на турски јазик, нека ми извинат сите присутни, на српски јазик, на бугарски јазик и други ќе биде што? Дали ние методите на притисок ќе ги прифатиме како вистина или пак ќе калкулираме со нешто друго. Сега што е тоа нешто друго? Исто така, ќе кажам што не е тајна, искуството не учи дека гетоизацијата е најштетна за оној кој што се гетоизира. Ако ние се издвоиме сега во една таква високошколска установа која што е лоцирана на еден простор хомогенизиран и слично нормално ќе се постави прашањето сега тој високообразовен кадар утре каде треба да се вработува и која е неговата улога и функција. Затоа што практично високото образование не е

обврзано како и средното, но исто така без високо образование ни една држава нормално не може да има свој развој и напредок. Тоа се многу работи кои што практично сметам дека мораат да се изнесат тука и заради нас тука и заради јавноста и заради сите оние кои што сигурно со внимание ја следат оваа седница, особено меѓународната јавност. Тука беа изнесени примери на образовни системи во Швајцарија, без да се каже поштено дека Швајцарија и конфедерација на три рамноправни конституенти. Се изнесе примерок на образование во автономната покраина Војводина која што е автономна покраина. Ако со ова сега се прејудицира, или пак се надополнува синџирот дека Македонија утре треба да има автономно, или некое друго уредуваше, тогаш веќе е сосема друга песна и приказна.

Бројката од 10% како квота за запишување на универзитетите тука беше многу експлоатирана во негативна конотација. Тоа е квота надвор од онаа што значат квантитативи, а особено квалитативи. Тоа е квота која што^треба да надополни, да фаворизира и да овозможи практично запишување во високото образование на сите националности во оваа Република. Тој кој што има соодветни знаења и кој што квалитетно ги поминува тие неопходни квалификациони испити, практично ниту има потреба да ја користи таа квота, ниту ќе ја користи.

И на крајот, сметам дека добро е, сепак добро е што оваа расправа се отвора, но со една моја забелешка до Владата и компетентните министри. Не може министрите да не ги интересира "работењето", или "неработењето" на параунивезитетот во Тетово. Не може да не ги интересира и не смее да не ги интересира. Не навлегува во тоа чија

компетенција е тоа, меѓутоа и во овој закон за високо образование стојат одредби ако се врши високообразовна дејност без регистрација, без дозвола, а се знае дека за отворање на универзитети секогаш бил компетентен Парламентот, или претходното Собрание.

**СЛАВЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер за образование, почитувани колеги, ние на Комисијата за образование имавме доволно можност во оваа прва фаза на донесување, на потребата на закон за висок образование. Кажавме она што сметавме дека глобално во почетокот е потребно да се направи. Меѓутоа, одредени работи се уште можат да се кажат за да може во наредниот тек на подготовка на законот да добијат свое значајно место. Во тој смисол сакам да кажам неколку работи. Идеален закон за високо образование не може да се направи онаков каков што ќе го донесеме тој треба да овозможи лесна и едноставна надградба и да не може да предизвикува такви стресови кои потоа тешко се коригираат. Образованието е многу чувствителна сфера од животот. Тоа ги обликува младите генерации за долг животен период и би сакал да верувам дека во овој закон нема такви одредби кои неповолно ќе се одразат врз формирањето на младите генерации. Инаку досега сме биле сведоци на многу револуционерни закони донесувани од овој дом порано како што е образованието во кое беше вградена степенаста настава, насочено образование, дисперзија на универзитетите за кои денеска сигурно можеме да кажеме дека биле сериозни промашувања и кои долгорочно предизвикаа штета на повеќе генерации.

Сметаме дека законот концепциски е издржан и ние го поддржуваме што не значи дека нема место за негово квалитетно дотерување и евентуално негово домоделирање.

Пред да изнесам некои забелешки и сугестии по законот, би сакал да подвлечам дека образованието на високо стручни кадри се прави со цел да се стекнат повисоки и поквалитетни интегрирани знаења кои идните стручњаци ќе ги вградат во стопанството, здравството образованието и други општествени дејности кои се цели на една држава, или со други зборови може ли стопанството, индустријата, медицината национално, или јазично да бидат поделени. Заложбата да постојат национално чисти универзитети неминовно ќе води кон пад на квалитетот на високото образование, а со тоа во иднина и кон дезинтеграција на стопанството што во краен случај може да значи сепарација на државата. Ова го кажувам како еден екстремен модел на високото образование.

Во член 9 дадено е решение со кое во вториот став во членот се дава можност одделни наставни предмети да се изучуваат на јазикот на националностите. Тука јас лично би сакал да и поставам одредени прашања на г-ѓа Симовска за да мене лично, верувам и на многумина од нас да ни биде јасно. Таму се кажува дека за одделни наставнички факултети одделни предмети што се изучуваат на јазикот на националностите. Меѓутоа, прашувам дали можеме да го исклучиме професорот на Медицинско училиште, професорот на Техничко училиште, или на Економско училиште каде што одредени предмети ќе се изучуваат на јазикот на националностите. На пример професорот по анатомија, професорот по машински елементи, професорот по геологија и геодезија на кој начин и како тој ќе го предава предметот, односно каде тој ќе може да се школува на јазикот на националноста. Тоа значи дека

во Медицинско училиште професор кој предава анатомија мора да заврши на албански јазик за да ја предава анатомијата на албански јазик. Јас тоа така го разбирам, може би погрешно го разбирам. Тоа ќе произведува многу други ситуации кои верувам дека нашава држава не може да ги издржи такви, ако така јас го разбирам законот. Верувам дека е поинаку, меѓутоа сакам да го слушнам тоа дека е тоа така. Во спротивно ако е она како јас што го кажувам тогаш мислам дека ќе биде неприфатливо за нас. Сакам да повторам дека ние сме за тоа да одделни дидактичко методски целини бидат предавани на јазикот на националностите на конкретизирани наставнички факултети.

Ја поддржуваме концепцијата на член 9 од претпоследниот став каде се заговара употреба на светските јазици, да не биде само на наставничките предмети, туку да се изведува пошироко во области, или средини кои се светска реалност, да речеме информатиката на маркетингот и менаџментот. Конечно тоа го спомнавме јас го спомнав и како можност во законот за средното образование да имаме еден алтернативен светски јазик на кој можат да ја изведуваат наставата. Очекуваме дека една ваква организирана настава на еден од светските јазици ќе овозможи побрза стопанска интеграција на македонското стопанство со развиена светска економија.

Членот 34 став 2 сметаме дека време е да се напушти постојниот концепт за проверка на знаења при запишување на факултет при што добар процент базира на постигнатиот успех во средното училиште. Законот треба исклучиво да го почитува постигнатиот успех при квалификациониот испит како што впрочем е во поголемиот дел од развиениот свет.

Во сферата на управувањето на универзитетот сметаме дека некои решенија дадени во законот можат да бидат преиспитани од аспект на обезбедување на неопходна автономија на универзитетот за што предлагаме Министерството за образование и двата универзитети да направат заеднички дополнителни напори за подобрување на презентираниот концепт. Во областа на финансирањето и управувањето постојат светски модели кои треба да бидат почитувани. Критериумите за избор и реизбор на наставници сметаме дека се обврска на универзитетот. Универзитетот треба да ја носи одговорноста за својот квалитет и нему треба да му се препушти да ја регулира оваа материја преку сопствени акти како што впрочем мислам дека и денеска е. Во законот само начелно треба да бидат набележани критериумите за избор и реизбор.

Во делот 8 од законот за високо образование членовите од 108 до 110 каде што се обработува делот за нострификација на дипломите сметаме дека предложените решенија треба да претрпат соодветни промени во смисла дека -единствено компетентни институции не само дадено мислење, туку компетентни институции кои ќе прават оценка за квалитетот и еквивалентноста на дипломата стекната во странство треба да биде универзитетот, односно поединечни институции кои го сочинуваат универзитетот. Затоа универзитетот треба да донесе посебен акт со кој ќе се регулира материјата за нострификација на дипломите. А Министерството за образование да го верификува донесеното решение и да води евиденција.

Јас тука морам да кажам дека бев непријатно изненаден како член на Комисијата за етичко правни прашања при Лекарската комора да видам дипломи кои се валоризирани од страна на Министерството а издадени од непостоечки универзитети. Мене ми е многу жал што тоа го

видов, меѓутоа тоа е факт, а тие истите работат во одредени градови на Републиката. Да повторам дека не постои идеален закон, но се надевам дека во натамошните фази на носење на законот ќе бидат вградени нашите и други позитивни сугестии и решенија со што ќе добиеме уште подобра концепција од сегашнава но со убедување дека сепак одредени работи треба да ги решаваат и идните генерации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза од 1 час.

(Седницата прекина во 13,00 часот)

(По паузата седницата заврши во 14,35 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Има збор г-динот Ќенан Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувана г-ѓа министер, дами и господа пратеници. Дозволете ми на почетокот да го изнесам своето задоволство што во оваа расправа, во врска со Предлогот за донесување на закон за високо образование зедоа учество нашите ценети универзитетски професори. Сметам дека нивното мислење е најмеродавно за изготвување на еден релативно добар закон за високо образование. Меѓутоа, не посреден повод за моето излегување на говорница е дискусијата на двајца ценети пратеници наши колеги, ќе си земам слобода да ги именувам г-динот Нано Ружин и г-динот Атанас Вангелов дотолку повеќе што во својата дискусија употребија одредени термини, како што е Балкан, балканизација, национален идентитет, страсти, стручност, конкурентност во системот и т.н. Морам да истакнам дека во најголем дел во тие дискусија се согласувам дотолку повеќе што сакал или не, сум жител на Република Македонија што е дел на тој и таков Балкан. Друго што инсистирањето на г-динот Ружин за умереноста го сфаќам како врлина. Меѓутоа,сакам да искажам дека овде ќе се обидам, моето излегување на говорница да не биде излив на страсти како што, ако дословно го цитирам, професорот Вангелов, туку изнесување на факти од оваа област, што веројатно ќе придонесе за изготвување на еден релативно добар закон за високо образование.

VII/2.-

Пред нас е прелиминарниот текст што е понуден од страна на Министерството, Предлог за донесување на закон за високо образование. Со овој закон практично се заокружува законската регулатива во сферата на образованието, бидејќи претходно ние веќе изгласавме Закон за основно и средно образование,а со овој Предлог за донесување на закон ја заокружуваме таа сфера.

Меѓутоа, при изготвувањето на овој закон, неминовно, барем според моето согледување треба да располагаме со одредени претпоставки односно показатели:

1. Сеопфатна анализа на состојбите во воспитно образованата сфера, вклучително и во високото образование, бидејќи грешка е кога високото образование би се анализирало како посебно, а не во склоп со основното и средното образование, дотолку повеќе што услов за да се стекне високо образование е основното и средното образование.

Понатаму, анализа на ефектите, од сите досегашни проекти во оваа сфера и од нив да се изведат одредени поуки. Евидентно е дека во минатиот период, посебно во рамките на сега веќе екс Југославија, премногу се експериментираше со образованието и денешните состојби во најголема мера можеби се продукт на таквите тогашни состојби.

Понатаму усогласување на високо образованото профилирање на кадри со главните правци на развојот на земјата заради ефикасно остварување на целите на тој развој. Мислам дека најголемиот удел на Владата е да ги трасира основните цели на стратегијата на долгорочниот развој на Република Македонија додека на Универзитетот да се остави

да ги изготви плановите и програмите да може тие цели на долгорочниот развој да се реализираат. Во тоа е суштината на автономијата на Универзитетот.

Понатаму да се утврдат стандардите за обавување на високо образовната дејност и при тоа да се биде реален, со оглед на тоа дека се уште немаме економска основа за надградба од типот како што е во Европа и пошироко. Сепак треба во одредено ниво да бидеме реални кои се економските можности, затоа што без економска база, сигурно нема да имаме и соодветна надградба.

Понатаму интензивно интегрирање на припадниците на нациналноста во високо образованата сфера, за да ги ублажиме огромните диспропорции во однос со мнозинскиот народ. Тоа е факт, за тоа постојат показатели.

Дозволете ми во кратки црти да се произнесам во; врска со изнесените точки. Од за мене, сепак, штурите информации изнесени во образложението во оценката на состојбите во областа за која се предлага донесување на законот, не може да се добие права слика за состојбите во оваа област, дотолку повеќе што не се изнесени компаративни показатели во однос на европските стандарди и норми и квантитативно и квалитативно, ниту пак со односот помеѓу одредени национални колективитети. За жал и по двата основи состојбата е загрижувачка. Посебно се загрижувачки статистичките показатели за националностите кои не поминуваат проценти од 3 до 4%, а за одредени националности не се ни до 1%. Јас конкретно можам да речам за турска националност.

Анализата на досегашните ефекти на проектите што биле преземени во образовната сфера ќе ги открие вистинските причини за ваквите диспропорции. Имено сите сме сведоци дека долга низа години

се негуваше еден модел , базиран на два параметри. Првиот параметар беше идеолошки преку така наречена категорија, морално политичка подобност и втората, беа националните клучеви. Како резултат на еден ваков период во извесен период настана хиперпродукција на кадри од најразлични профили, а јас би си земал за слобода да кажам и од различни суп профили, а зошто да не и од секаков квалитет. Огромната без работица на високо образованите кадри е директна последица на тој и таков модел, без оглед на тоа што во таквиот модел националностите беа застапени во поголем процент. Токму врз база на тој национален клуч.

Сите наредни измени, вклучувајќи го и Законот за насоченото образование имаат козметички карактер без битни измени во структурата на проектите. Сето тоа придонесе тензиите и незадоволството во образовната сфера, вклучително и во високото образование да нараснат, посебно по 1990 година, во еден плурален амбиент, што би рекол г-динот Ружин, години на сило национална идентификација, дословно во сите национални ентитети.

Во обидите да се ублажат тие диспропорции се воведуваат така наречени квоти за националностите, како евентуално спасоносно решение. Меѓутоа набргу се покажа дека тоа не е спасоносно решение, дотолку повеќе што водите, националностите, а приори, ги рангираат, ги сведуваат на ниво на помалку вредни или помалку квалитетни, што директно се коси со премисата дека на ниедна нација не е од Господ дадено да е повредна или по квалитетна од друга, а од друга страна припадниците на мнозинскиот народ ги става во подредена положба, бидејќи стануваат веќе не еднакви пред народот. Ние сме сведоци дека при тужбите отидоа и до Уставниот суд на Република Македонија кој

односно што расправаше за уставноста на оваа одредба. Значи овој период ни дава за право дека квотите не го дадоа она што и националностите , веројатно и оваа Влада и претходната , очекуваа да го дадат.  Наместо да се воспостави перманентен дијалог помеѓу Владата и сите политички субјекти , да се изнајдат најсоодветни решенија, следува период на молк кој траеше долго , што резултираше со вонинституционални активности во образовната сфера информирање на паралелни како во основното, средното, па и Универзитетот во Тетово. Така да доколку се анализира состојбата зошто е дојдено до тоа, веројатно ќе се изнајдат правите причини.

Дами и господа пратеници. Расправата по овој Предлог за донесување на закон е прилика отворено и аргументирано да се расправа за проблемите во оваа сфера со конструктивно учество на сите релевантни чинители без етикитирање, импутирање на задни намери, поделба на ваши и наши, без нациоанлни страсти и што ќе рече г-динот Вангелов со цел да се создаде амбиент аз меѓусебна доверба како основа за основен предуслов за стабилна и мирна Македонија.

Кога напомнав за усогласување и профилирање на високо образовни кадри со основните правци на развојот на земјата, интенцијата ни беше Владата да ги определи глобалните рамки на стратегијата на развојот на земјата долгорочно, а сходно на тоа Универзитетот да изготвува планови и програми што во суштина би значело автономија во вистинска смисла на зборот.

Инаку проектот, според мене, не би требало да содржи изразито високи стандарди за обавување на високо образованата дејност дотолку повеќе што имаме ниска материјална база врз кој основ ќе имам и таква идејна надградба.

Најпосле дами и господа дозволете ми да си земам за право, со почитуваниот професор да полимизирам во врска со термините што ги спомнуваме стручност, квалитет, конкурентност, односно поточно речено конкурентност во системот. веројатно колегата Поповски нема да ми замери, ќе парафразирам едно негово излагање овде на говорница кога расправавме за Законот за локална самоуправа, кога рече дека должност е на државата да обезбеди приближно еднакви услови на школување. Би го прашал колегата пратеник што го именував дали е права конкурентно кога пред највисоките образовни институции во оваа земја се полага приемен испит и во тој испит влегуваат ученици кои се школувале во исклучително опремени училишта, на кои предавање им држеле високо профилирани кадри со изразито висок степен на нагледните средства, во однос на деца кои се школуваат во училници без под, на дрвен огрев кој чади, во училници каде децата смрзнуваат, во училници каде кадрите се од несоодветен профил. Дали таквата конкуренција е лојална или не. Дали во оваа земја постојат споредбени показатели, колку ка факултетите односно во високо образовните институции се запишуваат кандидати, условно речено, од провинцијата и во колкав степен условите на нивното школување влијаат на севкупниот квалитет и нивниот упис на факултет. Кога би се направила една таква анализа резултатите би биле поразителни, не само за националностите туку за припадниците на мнозинскиот дел кој живее на територијата. Тие споредбени показатели ќе ни бидат патоказ дека нема дискриминација само по национален основ, веројатно по социјален и други основи. Некои земји ка запад тој проблем многу елегантно се обиделе да го решат со тоа што уписот на факултетите го направиле централизирано односно во еден центар се полага приемен испит и според бројот на освоените бодови се дистрибуираат во соодветни универзитети. Со тоа што се постигнува. Се признаваат две работи. Прво дека универзитетите не се

од ист ранг, дека има и поквалитетни и помалку квалитетни и второ дека нивото на образованост на населението е различно од област во област. За жал ние имаме два универзитета. Се прават огромни обиди, јас морам отворено да речам, од страна на припадниците на националностите и јас сум припадник на една националност, во огромен процент да се интегрираме во системот. За жал, се уште не е отворена права и широка рас- права во таа смисла, зошто постојат две варијанти: Или интегрирање во системот, или паралелизам. Доколку се интегрираме во системот ќе се овозможи конкурентност во системот. Доколку не постои волја за такво нешто ќе се појави паралелизам како постојан извор на конфликти и недоразбирање. Затоа ќе Ве молам да ја искористиме оваа парламентарна дебата во наредниот период да иницираме дна широка расправа во која ќе бидат вклучени сите релевантни чинители, високо образовани и стручни профили за да дојдеме до едно решение кое ќе биде за добробит на Македонија. Сите други решенија ќе бидат извори на конфликти и кога тогаш пак ќе не собере да расправаме за една иста проблематика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Вангелов има реплика.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Мислам дека е потребно за некои работи да се разјасниме со г-динот Хасипи кој беше љубезен да покрене едно доста комплексно прашање, а тоа е прашањето на приемните испити, кои откако постојат и со кои не само средните школи, туку целиот универзитет има крупни проблеми, бидејќи се работи аз еден мошне сложен процес. Не верувам

дека постои во светот институција, се разбира има некаде добри решенија, некаде помалку кои може ова прашање да го решат идеално.

Очигледно е, со примерот што го наведе г-динот Хасипи преку дистрибуција според степенот на знаењето на определени категории кандидати за студии, врз основа на социјално потекло или материјални основи или тип на школување дека се прави напор да се најдат добрите решенија, но веднаш се покажува со тоа на еден директен начин дека сите се различни. Всушност ако не се различни нема да постојат ни различни оценки во оценувањето од основното , преку средното па на факултетот и ако не се различни не би можело да постојат ранг листи,бодови и т.н. Тоа е работа, сосема разбирлив аи логична затоа што животот е составен од разлики и закон на животот е да постојат разлики. Ако постојат само идентитети, тоа е апсолутна ситуација, тогаш постои тоталитет и не постои ништо.

Што се однесува до проблемот на системот, така како што јас го поставив и кога изложив тука дека е потребна конкурентност во системот, а не креација на еден, два или три, или мултипликација на системи, треба да појаснам дека тоа становиште го изложи од теоречка гледна точка. Јас под систем подразбирам едно множество или збир од единици ентитети организирани според определен број правила во кои е содржана една неопходна , да се изразам со мислењето на професорот Стејсен, неопходна генетичка грешка затоа што не постои апсолутен систем. И затоа што постои грешка во системот тој, може да се развива, да се поправа и да се подобрува. Од таа гледна точка не верувам дека може да се воспостави некој идеален систем кој одеднаш сите ќе не задоволи, затоа што и системите се прашање на време т.е. време на историја. Ако се согласиме дека е така, а така е, треба уште да појаснам.

Кога велам конкурентност во системот тоа значи дека никој да не биде сигурен како ентитет, единица, елемент на системот конкретно професор, доколку системот не го верификува како компатибилен во тој процес на работа, на образование, на постигање ефекти,успеси итн. Значи , да подвлечам уште еднаш, кога спомнав систем и конкурентност во системот, мислев исклучиво на една теоретска основа или

дефиниција на категоријата систем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Хасипи има реплика.

**ЕНАН ХАСИПИ:**

Г-динот Вангелов се обиде од оваа говорница конкурентноста во системот да ја сведе на индивидуална конкурентност. Јас не зборував мојата интенција не беше во тоа.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Мојата интенција беше, во колкава состојба овој период односно во колкав степен овој период од 45 наваму им овозможи на националностите да бидат конкурентни и со мнозинскиот народ. И, тука ми е интенцијата. Сите напори да се вложат во смисла на тоа да се инкорпорираат националностите односно националните коликтивитети во системот, а не како индивидуа. Веројатно е тука недоразбирањето. Инаку во потполност го сфаќам господинот Вангелов.

Благодарам.

**НИК0Ј1А Г. ПОПОВСКИ :**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас мислев да се откажам од дискусијата бидејќи се што мислев од прилика се кажа, не би се повторувал, во основа во стилот на соопштението на една од политичките партии која деновиве го издаде, се согласувам со мислењата на професорите Ружин, Богдановски и Вангелов, што ги истакнаа овде.

Јас би сакал само еден сегмент што мислам дека овде не се опфати доволно, а кој треба во најмала рака во оваа фаза кога веќе не добивме воведно излагање, а очигледно законот побуди поширок интерес од очекувањата во Парламентот во освртот на министерката кој очигледно ќе следи после толкав број на поставени прашања да се каже нешто во врска со промовирањето на институцијата Републички фонд за високообразовна дејност или за високо образование.

Јас се согласувам дека од концептот на финансирањето на образованието кое го усвоивме кај основното и средното образование, овде имаме мало отстапување, особено во сферата на институциите кои се испречуваат помеѓу средствата и корисниците, условно да кажам

или оние кои ги користат средствата. И не сум до крај убеден толку во оваа фаза, можеме да разговараме за законот, не сум докрај убеден дека тоа би било најцелисходно решение, ниту пак сум убеден дека е производ на потреба, повеќе сум убеден дека е производ на можностите за притисок и можностите за влијание врз одлуките на дел од оние кои го нудат законот заради тоа што во сопствениот состав имаат голем дел од луѓето кои работат таму, односно од својот работен век го поминуваат на универзитетот и мислам дека може да се случи Владата и Парламентот без доволно образложение полека да навлеземе во една сфера проблеми каде што ги имаме и за кои расправавме на минатата седница во врска со финансирањето на здравството преку Фондот за здравство кој го оспоривме, не јас лично, туку некој од говорниците како функционира вон од другите механизми на финансирање на соодветните дејности во Републикава преку буџетот. Мислам дека ова постапно извлекување не од буџетот туку постапно извлекување од директното буџетско финансирање на високото образование преку некои преодни органи и. тела кои сепак се во состав на Министерството, меѓутоа се релативно независни со сопствен правен легитимитет и идентитет, дека можат да го доведат високото образование во една ситуација на соодветен лар пур лартизам, високото образование да постои заради оние кои се вработени таму, сами да одлучуваат особено со одредбите за пропорциите на тие кои се застапени во управниот одбор, ако добро се сеќавам е името на управниот орган со Републичкиот фонд.

Мислам дека во оваа фаза треба да добиеме едно посериозно образложение зошто се прибегнува кон ваквиот начин на постапка кон одлучувањето при финансирањето на високообразовните институции, претпоставувам дека се мисли за оние чиј основач ќе бидат соодветните институции, Собранието или Владата согласно законот и дека не би

требало да избрзаме и очекував и од самите говорници кои посериозно се бават со проблемот на високото образование овој момент повеќе да го елаборираат, меѓутоа со самото платформа иземање на таквите дискусии сфатив дека веројатно прећутно се поддржува и не се доведува во прашање еден концепт кој мислам дека во крајна рака може да до- веде до некои негативни последици врз високото образование.

Образованието, особено високото образование не е нешто што се доведува под проба така да речам, под одредени услови, како што се некои институции во сферата на безбедноста, војска итн. кои не можеме секојдневно да видиме како функционираат затоа што не се употребуваат секојдневно, меѓутоа образованието е сфера каде што секој ден се се случува од запишување до дипломирање, до изведување на настава, испити и тн.

Второ, мислам дека, веројатно го повторувам она што е многу пати кажано, реформата во образованието вака замислена е помала работа на овој Парламент, а поголема работа ќе биде на оние кои врз основа на законот ќе треба да ја спроведат реформата во високото образование особено во делот на наставните планови програми, а со овој закон еден дел од таа одговорност преку изградбата на институтот автономија на универзитетот ја префрламе врз институции кои не се на некој начин врзани директно со својата одговорност пред Собранието. Така да мислам и тука треба да добиеме едно посериозно образложение како ќе се овозможи таа контрола врз овие делови затоа што тука и посериозниот опфат на реформата треба да го согледаме. Свесни сме дека до крај не е извршена, сите или најголем дел од учесниците на оваа расправа 4 години или повеќе од својот живот поминале на универзитетот, на еден или друг универзитет и не се тоа менливи знаења, едноставно голем дел од нашиот живот сите сме го минале таму и сите чувствуваме на некој начин реперкусии од тој систем кој не мелел

четири години на еден или на друг начин.

И сосема на крајот не во вид на реплика, меѓутоа на едно хипотетичко прашање што беше поставено во Парламентот од еден пратеник, како би било Македонците кога би требало да се образуваат на туѓ јазик, на албански јазик. Јас, дури и вака, хипотетички би одговорил. Делови од македонскиот народ во овој момент се образуваат на бугарски, на грчки и на албански јазик, не само во сферата на високото образование туку од основното образование, па до високото образование. Сега ако сака некој тој принцип да го примени на секој поединечно од македонскиот народ, мислам дека тоа е невозможно нигде во светот. Инаку, делови од македонскиот народ најнормално го прифатиле тоа да се школуваат на јазиците на мнозинството во некои други држави. Мислам дека не треба тој принцип сега да се доведува до тоа на апсолутистички начин да се сфати, секој да мора тоа да го искуси како се случува.

И, во врска со учењето на јазикот од страна на нас Македонците, како би било кога би пробале да учиме. Па, јас лично, на пример, се обидувам да учам јазици на националноста во Македонија. Еден мислам дека го знам поради околностите во кои живеевме и немам потреба понатаму да го учам. Еден тековно го учам, веројатно еден ден ќе почнам и албанскиот да го учам, меѓутоа како петти во мојот план од шесте национални јазици кои постојат во Македонија.

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Господине претседателе, господа пратеници, со тоа што се јавувам меѓу последните дискутанти постои голема опасност за повторување на некои работи кои што се кажани, но ќе се обидам во својата дискусија да избегнам дел од работите кои што беа кажани во дискусиите и да

зборувам за некои свои видувања кои што, право да кажам, не мислев да се јавувам за дискусија на седницава на Парламентов, бидејќи имав можност во комисиската расправа да го кажам своето мислење за законот и дел од забелешките да бидат прифатени како забелешки на Комисијата за образование и Комисијата за политички систем. Но, сепак дискусиите кои што се одвиваа вчера и денес во собраниската сала на одреден начин ме натераа да земам учество во дискусијата околу законот за основно образование и како човек од образованието да кажам некои свои мислења.

Законот сигурно претставува еден континуитет во средувањето на односите и состојбите во образованието и едно продолжување и завршна фаза, така да се рече, во сферата на образованието а се донесе Законот за основно, за средно и сега законот за високо образование. Со тоа на одреден начин законски го затвораме системот на образование во нашата држава, за да можеме по едни нови законски теркови да тргнеме во процесите сега од другата страна на промена на наставните планови и програми во сферата на образованието во сите три степени на образование. Бидејќи сега законот дава можности наставните планови и програми систематски и постепено да се менуваат во текот на овие шест-седум месеци колку што се дадени за средување на подзаконските акти во сферата на образованието или мислам дека решенијата кои што ќе бидат понудени ќе одговараат со подзаконските акти на трендот на образованието во Европа и во светот

Неколку прашања кои што беа овде покренати на одреден начин ме натераа да се јавам за дискусија, во однос на името на законот дали треба да биде закон за високо образование или закон за универзитет почитувајќи она што се јави во Уставот, што се јавува во Уставот во Комисијата за образование на одреден начин го расчистивме тоа прашање, бидејќи ако постои автономија на универзитетот тогаш треба

да постои автономија на факултетот, односно на високошколската установа. Што значи дека секој факултет не мора да биде членка на универзитетот, може да делува самостојно и ако имаме само закон за универзитет, тогаш тие би се нашле во една нереална состојба и некомпетентна во однос на другите членки на универ-итетот. И, оттука со самото тоа што ова е закон за стекнување на високо образование, а преку тоа универзитетска диплома, затоа и понатаму во Комисијата беше мислењето да остане законот онаков ка- ков што е, односно закон за високо образование.

Што се однесува до други работи кои што беа кажани од определен број на пратеници, јас морам да истакнам дека жалам за некои работи што многу малку слушнавме квалитативни дискусии во текот на овие неколку денови со чесни исклучоци каде што дискутантите со своите дискусии се обидоа да внесат подобрување во позитивна смисла на текстот, повеќето дискусии мене ми личеа на предизборни политички митинзи каде што се плаче за судбината на определена националност или определен национален идентитет. Додека Европа и светот се трудат од високото образование во потполно да ја истиснат политиката, ние овде на говорницата доживеавме,иако во Уставот го имаме тоа внесено образованието да се деполитизира на одреден начин од сферата и влијанието на политичките партии се најдовме во ситуација на оваа говорница да кажеме дека треба да се внесе политиката во образованието, односно дека политиката треба да одлучува за определени образовни елементи и моменти. Тоа не оди и не е во корист на никого. Јас сигурно како македонец би бил пресреќен доколку 80% од македонските студенти би можеле да се школуваат на англиски јазик и да стекнуваат дипломи кои што ќе бидат вреднувани и верификувани насекаде во светот. А, дали тоа на одреден начин ќе им смета и на другите доколку се стекнуваат дипломи кои што се со значење и кои што

се верификуваат во светот или се стекнуваат со дипломи кои што се само со локално значење и со еднократна употреба, тоа треба секој да се запраша. Бидејќи, сепак, високото образование профилира и дава високостручни кадри кои што треба да бидат ценети не само во своето маало,не само во својата улица, не само во својот град туку пошироко во државата и насекаде во светот. Ако успееме да направиме такво образование, посебно високо образование ослободено од сите идеологии, тогаш ќе можеме да кажеме и она што на одреден начин повеќето од говорниците овде веќе се жалеа дека од таквиот систем на високо образование ја имаме денешната невработеност, тогаш ќе можеме да кажеме дека имаме образование кое ги задоволува највисоките светски норми и дека нашите стручњаци нема да бидат технолошки вишок или нема да останат без работа. Образованието да го гледаме од тој аспект, не како поле за политички натпревар на народите, туку во смисла на гоцевата мисла како поле за културен напредок. И овде научен напредок на народите и народностите кои живеат во оваа држава затоа што ако ние воведеме"двојазичност или повеќејазчност во високото образование се доведуваме во ситуација високостручните кадри кои што ќе излегуваат од факултетите да ги гетоизираме, односно да бидат за употреба на своето маало,да бидат за употреба за својата улица, за својот град, а не за употреба во целокупната држава.

Затоа ве молам што може помалку трибината, односно говорницата на Републичкиот парламент во секој момент и секоја седница да ја претвораме во предизборен митинг на која било политичка партија. Ако зборуваме за образованието, да зборуваме со аргументи оние кои што влијаат врз сферата на образованието, а не да одиме во ситуации каде што излегуваме надвор од законот за образование и сосема во друг правец ја усмеруваме дискусијата, затоа што на никого не

му требаат гетоизнранн стручни кадри, на никого не му требаат стручни кадри кои што ќе можат на одреден начин да бидат само за еднократна употреба. Тоа не значи, бидејќи во самиот закон за високо образование многу убаво е кажано, дека се дозволува високостручни кадри на јазиците на националностите речиси во сите сфери. И, тука нема што да дискутираме, тука нема што да полемизираме. Тука можеме само да го обогатуваме законот со нови идеи, со нови форми, со нови знаења кои ќе придонесат за еден поквалитетен високостручен кадар во нашата држава.

Јас сигурно ова кога го зборувам го имам во предвид образованието на Запад каде што се стремиме да одиме, посебно во САД каде што воопшто не станува збор на кој јазик се школува туку станува збор за каков кадар ќе излезе од таа високостручна установа, од факултетот, високата школа или уметничката академија.

Затоа ве молам да ги ослободиме барем законите од образованието од тој степен на поларизација на меѓунационалните односи, да не повикуваме на седници на меѓунационално помирување, бидејќи тоа меѓунационално помирување го имаме во земјата. Таму каде што немаат гледате сега што прават нивните лидери затворени се таму во некој град Дејтон и одлучуваат за судбина на милиони луѓе. Да не дозволиме преку овие сесии на Парламентот да се доведуваме во ситуација да ги поларизираме националните односи во државата.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитуван господин претседателе на Собранието, почитувани пратеници, следејќи го текот на расправата по повод овој многу важен проект се доаѓа до еден многу чуден заклучок дека пратениците Албанци како да се некако возбудени, како да чувствуваат дека денеска или во

наредната фаза нешто ќе се случи со високото образование во Македонија, додека од спротивната страна колегите Македонци покажуваат една спокојност и мирноќа која што е за завидување.

Јас ќе се обидам да одговорам, од прилика да одговорам, зошто гледам вака, и, ете до такви заклучоци дојдов. Пратеникот македонец е спокоен затоа што знае дека законот, односно проектот е напишан во Министерството составено во најголем дел или исклучиво од стручњаци Македонци. Тие исто така знаат дека овој проект пред да помине на Влада бил на Универзитетот каде што исто така поминал еден тест. Исто така се свесни дека овој проект поминал на Влада каде што за среќа или несреќа има и неколку Албанци чии глас не се почитува и не се слуша и од тој аспект се тие спокојни и спокојно се однесуваат во Собранието, со мали исклучоци.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:** (Продолжение)

Размислата е следна: ќе ги пуштиме нека зборуваат што сакаат дури нека се издуваат на крајот ние ќе гласаме и се разбира ќе гласаме варијанта која нам ни одговара. Тоа нема да биде прв пат и стравувам дека нема да биде ниту последен пат, затоа што од прилика нешто слично ни се случи со Уставот ни се случи пред неколку дена со Законот за локална самоуправа,ни се случи со Законот за државјанство и со неколку други закони. И никому ништо.

Јас на ваше место навистина би поставил едно прашање. Каде навистина води ваквата поделеност и каде навистина не води оваа атмосфера на неможност за одредени работи да се договараме и договориме толку колку е можно, но и толку колку е нужно. Во спротивно јас се плашам од нешто друго. Тие што не набљудуваат од надвор, а верувам дека не набљудуваат тие од надвор што за нас и околу нас прават одредени комбинации и одредени калкулации, се плашам дека нужно ќе ги имаат предвид овие наши подвојувања, се плашам дека ќе ги имаат предвид при нивните калкулирања, ќе имаат предвид; еден ноторен факт дека скоро една третина од населението во Република Македонија не покажува согласност со основните акти на Република Македонија. Дали на тој начин ние ја слабееме свесно или несвесно отпорноста на Република Македонија спрема овие влијанија и калкулации кои се обидов да ги набројам.

Се негира едно право кое во светот на одреден начин е регулирано, некаде не е регулирано, некаде нема ни политичка волја да се регулира. Сето тоа го подведуваме под наши македонски услови.

Ние живееме во Република Македонија со една национална структура каква што е убедени дека со, само со и исклучиво со

меѓуетничка толеранција, со меѓусебно уважување, со респектирање на спецификностите на едниот и на другиот ќе можеме, убеден сум дека можеме да живееме и поспокојно и побогато.

Колта се изнесуваат некои аргументи за тоа дали е можно високото образование да се одвива и на јазикот на националноста се земаат разни примери, а потоа тие примери се негираат од едни, од други, со аргументи, со полуаргументи, без нив, но, не сме склони, не сме подготвени да се соочиме со нашата реалност, со нашата специфика.

Ние треба со тоа да се раководиме. Инаку некој од тука рече некои делови од македонскиот народ учат на туѓ јазик. Веднаш ќе ви кажам, верувам дека е тоа мислење на сите, јас лично воопшто не сум среќен што е така, верувајте ми воопшто не сум среќен што е тоа така. Дали сега врз еден негативен пример треба да градиме концепт сопствен концепт за изградба на државата. Веројатно не, затоа што ако ние овие проблеми еден по еден не ги решаваме, ние оставаме простор тие наши недоразбирања да генерираат секој ден и секој ден ќе бидеме во ситуација да се занимаваме еден со друг, а сите тврдиме дека сакаме Република:;:Македонија, сакаме оваа држава да биде ваква каква што е побогата, послободна, со поразвиена демократија итн. И сето тоа е точно, но кога ќе дојдеме да ги градиме мостовите што нас не зближуваат меѓу себе, кога ќе дојдеме до констатацијата дали заедничкото живеење на овие простори е само историска судбина или тоа сакаме да го направиме, тогаш оценките се разликуваат и тогаш паѓаме во некој води кои не водат кон ништо. Никој или скоро никој не се обиде со научно фундирани аргументи да ја оспори потребата од високо образование на националностите во Република Македонија. Најчесто тие што се обидуваа барем малку да внесат наука во тоа тврдат дека со тоа се гетоизира Македонија, што едноставно не е точно. Македонија ќе се

гетоизира токму ако не обезбедиме образование на сите под еднакви услови. Ќе се гетоизира затоа што необразованиот човек нема да го познава јазикот на средината или на државата и тој автоматски ќе биде надвор од сите текови. Во спротивно образован човек човек со високо образование тој неминовно не само што ќе се образува туку на одреден начин и ќе се воспитува, а ќе се воспитува така како што ќе биде планот и наставната, научната програма на универзитетот односно на државата која што тоа го прави.

Од овие причини мислам дека нам навистина ни треба една добра дебата по овие прашања. Некој рече не треба ова прашање да се политизира. Потполно се согласувам во тој контекст како што беше речено, меѓутоа, образовната политика, образованието е политика толку колку што е политика затоа што има и образовна политика. Образовната политика се договара тука, .се разбира таа се конципира, па потоа се утврдува во зависност од тоа што сакаме да постигнеме. Сеедно дали ќе постои Универзитет на албански јазик е и политичко прашање во таа мерка колку е образованието политичка работа. Меѓутоа, несреќата е во нешто друго. што насушната потреба од образование на мајчин јазик се оспорува со политички аргументи дури не со политички туку со политикантство од типот ако има образование и на албански јазик и на турски јазик отиде Македонија, што едноставно не е точно. Едноставно не е точно, ве уверувам, дека не е точно. Меѓутоа таа работа намерно тука се прави и за внатрешна и за надворешна употреба за да се каже дека ете ако тоа се дозволи тоа веќе ги надминува рамките на образовната работа, на научната работа дека тоа излегува на терен, на чист политички терен кој во случајот на тетовскиот универзитет значи Голема Албанија во некој друг случај би значело нешто друго.

Овие предрасуди во нашите глави ние полека, но сигурно треба да ги елиминираме. Не треба да бидеме оптоварени со такви работи или поточно речено не треба ние нашиот политички став да го градиме само врз основа на едно искажување, на еден неодговорен човек било да се вик пратеникот Абдурахман Алити, треба да се земе целината на проблемот, целината на односот на политичките сили, еве да бидам малку потесен на албанските политички сили околу тоа што значи консензус за Македонија

Ние многу често зборуваме тука не наоѓаме заеднички јазик. Зарем не е добар старт тоа што сите се залагаме за Република Македонија што сите се залагаме за демократизација на односите во Република Македонија и се околу Република Македонија. За другото има време и можност да се договориме.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господин претседателе, дами и господа пратеници, јас се чувствувам многу среќен што денеска расправаме по еден ваков закон што одамна го очекувавме. Со Устав кажавме дека ќе преземеме обврска побрзо да расправаме аз вакви теми, меѓутоа, заради разни околности дојде денот и на тоа многу отворено да разговараме.

Нам ни е понуден закон во кој имаме доста позитивни работи, понуден ни е закон во кој секој сам себе се наоѓа и без да потврдам или негирам некого јас не би рекол дека образованието воопшто на било кој граѓанин на светот не е одраз на политичката желба и волја на луѓето кои создаваат една територијална целина или на држави итн. Впрочем, овде Парламентот се знае колку пратеници од една партија колку пратеници од друга, од трета, некаде еден како на пример јас и тоа е тоа

и затоа секоја работа што ќе навлезе во оваа материја мислам дека е лапсус и мислам дека не треба така да се зборува. Тоа е пример како не треба да се однесува еден пратеник, јас се извинувам на човекот што зборуваше но тоа е тоа.

Сакам да истакнам свое мислење околу одредени дискусии кои ме наведуваат на длабоко размислување како граѓанин на Република Македонија. Понатаму ќе зборувам како Ром, јас сум претставник на ромите овде во овој Парламент.

Ако се има опасност на оваа држава по правниот и економскиот поредок кон националниот во глобална смисла на нацијата, суверенитет, субјективитет па и индивидуалните, тогаш сигурно Владата ќе размисли малку повеќе што е се што овде е зборувано од една и друга страна, кога зборувам од една и друга страна мислам на она што секогаш излегуваат колегите пратеници од албанска националност и од друга стран опозит, веднаш одговор на друг начин дали значи тоа дека тој албански синдром, да го речам или рак рана секогаш ќе постои во Република Македонија, значи ли тоа дека никогаш и со генерации нема да најдеме заеднички јазик по пат на комшиска, меѓуетничка, меѓунационална толеранција како максима за заедничко живеење и соживот.

Мислам дека можеме да најдеме начин како, но сето тоа ќе зависи од степенот на нашата осознаеност, на нашата општествена положба во ова општество. Се извинувам ако повторам некој збор, но би рекол од аспект на високото образование, дипломите што ги добиваат нашите студенти, ние постарите, повозрасните просто да се изразам само јас знам во Австралија колкава мака имав околу таа нострификација и важењето на таа диплома, па би рекол дека нашите студен- ти треба да учат задолжително најмалку два светски јазика англиски и француски, односно да не го потценувам руският и тоа за онаа струка за која учат, а

не општо англиски за знаење. Јас знам од економи- јата што се морав да учам за да работам на својата струка. Тука е нашата министерка не е"Госпоѓа министерка"од Бранислав Нушиќ туку стварната наша министерка, се извинувам на овој збор, да се вгради елемент во законот оној студент што студира медицина се знае латински и стран јазик кој е непосредно поврзан со неговата струка, односно економијата, односно техниката, односно други технолошки науки и прогресот воопшто.

Вие драги пријатели братучеди Албанци ви завидувам на ова што зборувате овде за вашето високо образование и барањето, ви завидувам вашиот збир, собир што го имате на албанската интелигенција не знаете колку имате со високо образование, колку магистри по науки и доктори по науки. Овде еден или двајца ги спомнаа Ромите, што имаат Ромите? 50 години од ослободувањето наваму јас не мислам лошо за она што го зборувам, јас отворено кажувам и без да имам гајле од некого. Што? Или требаше некој со малиот прст да погоди, останаа такви какви што беа ќорави и сакати, има 50-Ј5& со високо образование, ги знам точно колку се, не е тоа ништо, тоа е штета на општеството, на државата, социјални помошти на мост или на други места. Но, мислам дека веќе почна процесот на таа воспитно - образовна еманципација и најверојатно за некој ден ќе расправаме со госпоѓата министерка и за лекторат затоа што ни треба луѓе кои ќе предаваат ромски јазик, учебниците се печатени, но тоа не е предмет на оваа расправа сега.

**ФАИК АБДИ:(**продолжение)

Јас тоа го велам само заради јавноста. Во изминативе година две три, имаме квота за запишување на факултетите во Република Македонија од 10%. Колку Албанци ќе има од тоа, колку Турци, колку Роми, колку Влади? - Ич, за никаде: Меѓу нас мора да се тепаме кој ќе биде. Голема бариера е неопознавање на јазикот. Не познавањето на јазикот! И г-ѓа министер да знаете во основното училиште 26 јули во Шуто Ори- зари, јас имам комшии, се македонци, и македонци учат таму. И од икс паралелки само по 10-15 минути, а имаш 16 паралелки на Албански наставен јазик. Тие учат полно време и уште еден саат додатно. Овие ги бркаат надвор. Се собираат учителите и наставниците на едно место. Срамното за оваа држава. Јас сум определен и избран во тие места, а не ме повикаа, само да знаете. Треба да преземете соодветни мерки. И како тоа дете понатаму ќе се мери да дојде да полага приемен испит на факултетот или да"биде примено без приемен испит на факултет и или ќе има не знам какво знаење. Сакам да кажам дека има работи кои што треба и овде, а вие во министерството најповеќе да обрнете внимание Во прво одделение ќе се запишат деца во 15 паралелки а во 8 одделение само 1 или 2. Каде пропаднаа другите? Овде имам еден преглед од Виница, тука е пратеникот од Виница, 2 6 ученици од прво до IV одделение а од прво до IV во друго училиште 63. Во Тетово 360 и тоа на наставен јазик македонски, 312, на албански 18 и на турски 8. Што ги натерало не на македонски, добро, ги натерало нешто. Не е важно, нека учат. Меѓутоа, дали се само 312. Одговорот е дека има уште три такви повеќе. А во Шуто Оризари 3 илјади ученика. Колку од нив ќе завршат е знак прашање Колку од нив ќе одат на факултет е голем знак на прашање. Сакам да кажам дека и јазичната и социјалната бариера, социјалната сигурност на луѓето не е како треба, а пак во овие услови апсолутно не доаѓа предвид. Ние не можеме да се мериме со Америка и не можеме овде да имаме америчка

школа, и да се мериме со степен на стручност и степен на знаење итн. Потрудете се во другата фаза на законот да внесете таква одредба која ќе каже дека нашите студенти кога ќе завршат и кога ќе ја земат дипломата дека таа диплома ќе биде призна- ена не само во се училиште - Загреб или во Љубљана него и тука во Скопје, за што јас верувам, ние влеговме во сите институции во Европа и Светот и јас мислам дека ќе ги признаат и нашите дипломи. Меѓутоа, треба соодветно знаење и соодветно познавање на странски јазици и така ќе биде подобро за сите нас. Така република Македонија ќе се гордее со своите студенти.

Јас сум затоа се она што е говорено да го разгледате многу добро многу убаво и да не дојде, јас не верувам дека ќе дојде до друга тензија, зашто има примери и на други места со такви тензии, па и војни. Па што се постигнува, само уништување на народот. Мора да бидеме толерантни. Па попога сме писмени луѓе ние можеме да се разбереме и ова мора да го пренесеме на базата долу што не испратила овде. Не би требало воопшто да мислиме на тоа дека утре може да му се случи нешто на моето или на Вашето дете и т.н.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, реформите во образованието започнати освојувањето на Законот заснованото и за средното образование, со законот за високото образование треба да се заокружат и да бидат важен дел од вкупните реформи што се одвиваат во државата. Прашањето на реформите во образованието во сите земји е прашање кое што во одредени периоди се актуализира и секогаш се бараат нови решенија кои што ќе овозможат поефектни стекнувања на

нови знаења, а со тоа и оспособување на младите луѓе и соочување со животните проблеми пред кои ќе се најдат. Со осамостојувањето на Република Македонија во услови на ограничени можности за школување само во границите на Републиката, Албанците се најдоа во скутен простор за образование, бидејќи престана да функционира еден од важните сегменти во кои што се образуваа, а тоа е приштнскиот универзитет. Објективните тешкотии во кои што се најдоа албанците во минатото во поглед на високото образование се рефлектира со прогласување на Универзитет на Албански јазик во Тетово и невидената реакција од страна на државата која што оваа образовна активност ја прогласи за политичка иницијатива и со самото тоа го демонизира ова прашање што е неспорна потреба за образование на мајчин јазик. Неслучајно од оваа говорница, речиси сите албански пратеници на некој начин се осврнуваат на потребата од изнаоѓање на решенија за проблемите со високото образование на албански јазик и на индиректен начин се осврнуваа на член 9 кој што го санкционира ова прашање . Аргументите со кои што се побива потребата за високо образовна институција на Албански наставен јазик изнесени во искажувањата на релевантни фак- тори во државата односно од страна на медиумите и во јавноста по ова прашање, според мене се неодржливи и носат голема доза на политички ставови, кои што во одредени искажувања се кријат. Сметам дека на албанците не им е оставен доволен простор за високо образование на двата универзитети во Републиката и единствената разрешница на овој проблем, јас лично ја гледам во основање на институција на албански јазик за високо образование.

Начинот на кој што се нуди разрешница на ова прашање односно на прашањето на високото образование на албанците во Република Македонија упатува на заклучок дека и покрај добрите желби да се надмине ова прашање со овој предлог на закон односно со решенијата

што се  нудат во законот нема да се надмине овој тежок проблем за сите нас во Републиката. Во овој случај се забележува и една тенденција да се отстапи од принципите од кои што се раководеше Владата односно тие што се гордеат со пристапот на решавањето на меѓунационалните проблеми и во случајот на проблемот со високото образование на албанците во Република Македонија односно една иницијатива која што се финализира со прогласување на универзитет во Тетово, применија како аргумент употреба на сила што во еден момент ја доведе самата Република пред големи искушенија.

Одредена поука околу ова прашање треба да се извлече и од пристапот на јавноста кон ова прашање односно целиот тој негативен набој кој што се класираше цело време околу таа иницијатива за основање на Универзитет на албански јазик, имено, речиси целата јавност, медиумите се ставија во улога на чинител кој што ги осудува овие активности и целата оваа иницијатива ја стави под знак прашање, односно ни дава третман на политички активности што имаат за цел единствено дестабилизација на Републиката, кое за мене беше вовед во сите тие настани кои што следеа.

Начинот на кој што се третира прашањето на употребата на јазикот во високото образование во член 9 од законот, сметам дек а не овозможува разрешување на проблемот на високото образование на албанците во Република Македонија односно институционализирање на тетовскиот универзитет. Со овие решенија што се дадени во законот предлагачот прави една голема неправда односно не е конзистентен во своите предлози. додека за прашањето на основното образование образлага дека има потреба од образование на кадри за основното образование истото образложение не важи и за средното образование и тука се работи за чисто политички став кој што е плод на тие размислувам Ш кои што во одредени моменти беа присутни овде во

дискусиите на одреден број пратеници и дека се работи за проценка на реалните состојби што владеат во Републиката. За мене оваа проценка е погрешна и треба да остави доволен простор за да може да се најде разрешница на проблемот со универзитетот во Тетово. Сметам дека сите тие декларативни искажувања кои што досега сме имале можност да ги слушнеме дека Уставот овозможува доволен простор за развој на националниот идентитет и за зачувување, а посебно во поглед на образованието, во овој случај треба да се третираат поекстензивно и не треба да се прибегне кон ограничување на можноста на употребата на албанскиот јазик во високото образование, туку ова прашање да се остави отворено и да се остави доволен простор за развој на високото образование на албански јазик.

Во овој поглед сигурно дека сум против ограничувањата што се наведени во член 9 од Законот за високото образование и сметам дека треба да се остави доволно простор за развој високо образовни институции на националностите. Не е никаква тајна, тоа може да се забележи во овие два дена колку што траат дискусиите за ова прашаше дека сите ние како албанци очекуваме дека овој закон ќе овозможи да се изнајде решение со проблемот за високото образование на албански јазик, односно за легализација на проблемот на Универзитетот во Тетово.

Сметам дека со одредени измени на членот 9 кој што од страна, односно од страна на лицата што се подобро упатени од во оваа проблематика, би можеле да придонесат да се изнајде кое што би било исчекор од оваа ситуација во која што сите се нашле.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Кадриу.

X/6.-

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници јас немав намера да излезам на говорница, меѓутоа чувствувам за потребно некои работи вака пред с» нас овде да ги искажеме и во некој аспект да бидеме поконкретни во врска со некои изјаснувања, посебно на некои пратеници кои на некој начин, по мое мислење во една агресивна форма многу го експлоатираа искажувањето односно зборовите на пратениците албанци итн. Јас мислам дека ред е тука проблемите да ги искажуваме ладно, да имаме меѓу себе разбирање и на крај во форма на аргументи да го искажеме сето  што го мислиме и се тоа што е во интерес на нашата иднина и се што во интерес на нашето натамошно високо образование итн.

Јас ги почитувам сите претходни дискутанти, посебно професорите, но во некоја мерка мислам дека и тие на некој начин се оптоварени и во некои сегменти искажуваат проблеми само под една сфера и дека секое барање од страна на пратениците албанци во овој поглед се земаат како тенденциозни, што според мое мислење би требало да се сфати како нормално и треба едни на други да им кажеме дека во оваа мерка и од овој аспект работите треба да ги гледаме во форма на аргументи итн.

Еден број на пратеници тука излегоа и рекоа дека што ќе биде со тие студенти што ќе завршат од тој универзитет и каде ќе бидат вработени. Јас истите ги прашувам, каде се вработени тие студенти што завршиле во стрнство, посебно тие што завршија во Приштина во другите универзтиети во светот, без разлика каде завршиле. И дали ние треба сега во овој момент да се фатиме за тоа дека по завршувањето на нивните студии, уште од сега да се грижиме дали ќе бидат и дали ќе знаеме од сега дека го имаат тој квалитет и што го сакаме ние не. Јас верувам дека секој од нас, без разлика на националната припадност, сака и се ангажира да има што повеќе и подобар квалитет |во нивните редови. Според тоа јас можам да дадам и ред други аргументи во мојата

дискусија, а јас и вчера реков дека ние треба да змеме искуство од државите во Европа што се подемократски и што го регулирале на некој начин овој статус на високото образование. Јас сум во состојба и денеска бидејќи располагам со аргументи кои аргументи мислам дека се земени од извори што навистина оваа држава како такви ги дала и врз основа на тие службени статистички податоци можам да кажам дека досега би требало и ние од некој аспект да гледаме колку е тоа дискриминација во однос на 10 градови овде во Македонија, без да се опфати и градот Скопје кој нормално дека има некои бенефиции.

Дозволете ми да кажам само за аналогија и да спомнам дека градот Штип во кој живеат само 50 илјади жители, овие податоци сум ги зел од Заводот за статистика од 1991 година, постои и има педагошка академија и економски факултет како и рударско - енергетски факултет, а град Тетово кој што има околу 200 илјади граѓани нема ниту една од овие институции. Анализаторите исто така го потврдуваат и самите тие го поставуваат прашањето како е можно и е вистина што треба да се радуваме во Битола да функционира Универзитетот и неколку факултети, една педагошка академија и една виша земјоделска школа, потоа, во Прилеп да постои економскиот факултет, во Струмица земјоделска школа и во Охрид факултет за туризам и угостителство и сите овие на македонски јазик, се разбира за 1,5 милион колку што се македонци, а за другите националности што е една третина од населението конкретно албанци и други да немаат ни една институција на свој јазик. Токму заради овие причини и заради овие работи што овде ги изнесуваме пред овој парламент мислам дека треба да придонесат и да дадат пример дека мораме да тргнеме од овој аспект да ги решаваме проблемите како што треба, а не да се повикуваме а и често пати се повикуваме дека сме толерантни сме демократи, а на некој начин, јас гледам примери што ги дадоа професорите овде, не сме доследни овде.

**ЗЕКИР КАДРИУ:** (Продолжение)

Истите се ангажираат и не обвинуваат дека ете овие сакаат на некој начин да кажат дека само на нив досега им се правела штета, само тие не беа школувани и тн. Самиот факт дека еден број од тие кадри што се сега кажуваат доволно дека 50 и неколку години, и да се бројат околу 300 од тие кадри што ги има се во цела Македонија, не се доволни и таа бројка е сосема мала. Да не ги спомнувам другите аргументи кои навистина овие денови многу ги апсорбиравме и не сакам да навлегувам понатаму во тоа, но уште еднаш ги повикувам сите пратеници, без разлика кои се и во која партија, тука да размислуваме поконкретно и пообјективно за оваа работа и на крајот да донесеме еден закон кој ќе биде добар и прифатлив за сите нас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Шакири,

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Бидејќи вчера јас се произнесов по законот, но слушајќи денес некои дискусии од одделни пратеници Македонци кои со неколку невистини сакаат да не уверат во спротивно, дека ние немаме право да го бараме тоа што го бараме, дека во Македонија да бидеш интелектуалец мора да завршиш факултет на македонски јазик, инаку с€ друго не може да се признае, излезе како да ние зборувавме на англиски јазик бидејќи за некои пратеници тука бевме неразбирливи. Господа многу е тешко за човек кога зборува во една средина или пред еден орган или луѓето на тој орган кои не сакаат да те разберат. Мене не ми е

тешко воопшто ниту ме иритира обичниот граѓанин кој не е во состојба да го сфати нашето добронамерно ангажирање во контекстот на решавањето на статусот на тетовскиот универзитет со законот. Тука мислам дека нема ништо против Македонија, нема ништо против Македонците, ние знаеме дека вие имате два универзитети, а со признавање, со легализирање на тетовскиот универзитет, не значи дека треба да се затвори Скопскиот или Битолскиот универзитет. Тука треба да бидеме сите свесни. Но мене ме иритира многу односот на оние пратеници Македонски со научна титула како педагози или интелектуалци од висок ранг, кои воопшто не се во состојба да ја сфатат тежината на овој проблем, што значи високото образование. Вие зборувате за високото образование само во еден правец, во една смисла, само за Македонците, како да не постојат Албанците тука. Еден пратеник повлече една паралела со Македонците кои живеат надвор од Република Македонија. Ние знаеме дека има Македонци во Република Бугарија, има Македонци во Република Грција, исто така има Македонци во Република Албанија. Но многу би било важно и интерес- но за овој Парламент и во интерес на јавноста да се каже колкава е таа бројка, особено во Република Албанија, ние знаеме дека има 4.000 нека бидат и 5.000. За 4.000, господо, да се организира универзитетска настава мислам дека е апсурд и меѓу Албанците кои живеат во Република Македонија и Македонците што живеат во Република Албанија не треба да се повлекува иста паралела, нема никаква логична смисла. Ако некој може да се погрижи тоа да го оправда, но мислам дека не е фер во овој момент, бидејќи сите бараме во оваа Република да преовладува мир, сите барем декларативно се ангажираме во тој правец за дијалог, за решавање на сите проблеми по пат на дијалог. Но треба да ви биде јасно на сите дека секое трпение  или вид на толеранција има граница. Ние Албанците денес сме во  една доста критична точка. Се работи за

универзитетот, а универзитетот за еден народ претставува иднина, претставува богатство, претставува еден голем корпус на правата. Бидејќи е така и секој мора да се согласи со тоа, затоа и вие имате два универзитети, а ние се ангажираме само за еден универзитет и бараме да се вклучи во системот. Досега слушнавме разни зборови кои не им доликуваат на интелектуалците, паравоен универзитет, илегален универзитет итн. Не треба. Тој универзитет за нас е легален, тој универзитет ние ќе го признаваме бидејќи секој албанец е свесен и секој албанец знае дека иднината во оваа држава ја гледа преку тој универзитет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Мирко Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, јас добив идеја да се јавам за дискусија после дискусијата на Абдурахман Алити затоа што рече дека Македонците за оваа расправа по овој закон се доста спокојни. Јас мислам дека тоа не е точно, дека високото образование на албански јазик предизвика доста внимание во Републиката и кај македонскиот народ и дека со внимание тоа е следено. Тоа значи дека не сме спокојни околу таа работа и дури не сме дури ни среќни што тие немаат да речеме високо образование. Понатаму Алити продолжи околу тоа колку е можно односно колку е нужно самото високо образование во Македонија. Јас мислам дека токму во тоа е одговорот, според мене. Тука е клучот бидејќи ние мораме да знаеме на кое ниво на развој сме, дека сега конституираме држава и колкав ни е материјалниот развој и знаеме во светот колку не има нас Македонци, толку светот има вработено во нивните институти и дека ние не можеме да преведеме основни научни работи ни на македонски, а камо ли на албански.

Мислам дека тоа е права игра и многу нерационално и многу неуредно тоа да го правиме, бидејќи не можеме да го направиме како што треба ниту на македонски, ниту да го разводниме тоа да го правиме и на албански. Во овој момент на развојот на Републиката мислам дека навистина е неоправдано и токму поради тоа го поддржувам законот во таква форма, бидејќи тоа го прави само степенот на развојот на една држава. Мислам дека тоа нужното што се зборува секогаш кога зборуваат албанските претставници, зборуваат за образование, зборуваат за високо школство и зборуваат за образование. Ми се чини малку не се поклопува баш тоа, бидејќи сепак е образование, меѓутоа и научно образование. Албанците го имаат основното образование, го имаат и средното, меѓутоа, за високото образование веројатно ќе треба доста да се почека да се создадат материјални услови, да се создадат веројатно и подемократски можеби и сите подобри услови понатаму и да се зборува на таа тема. Во овие услови сега мислам дека тоа што го предвидува законот е доволно и го поддржувам овој предлог за донесување на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Немав намера по втор пат да излегувам на говорница, поради тоа што синоќа бев доста долг и тоа што требаше да го кажам го кажав во таа дискусија, а вие бевте доста внимателни и ме сослушавте. Меѓутоа, пред да земе завршен збор госпоѓата министерка Емилија Симовска во законот за високото образование, јас сакам да поставам некои прашања, а сигурно таа ќе може и да ни одговори. Пред да ги поставам прашањата ќе се осврнам на една рекапитулација  на податоците кои ги имаме

извадено од годишните статистички прегледи, а заедно со тоа и една аналогија за клучните проблеми што се среќаваат во наставата воопшто и во образованието во Република Македонија.

Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" е основан 1946 година и тоа на 29 ноември 1946 година. Прв ректор на овој универзитет е почитуваниот академик Блаже Коневски. Потоа 1971/72 академска година, после 25 години, основана е Катедрата за албански јазик при Филолошкиот факултет во Скопје. Од ноември 1947 година започна со првото предавање Педагошката академија, а од 1965/66 година почнаа и пет групи на албански јазик да работат на таа Педагошка академија, која на 8.10.1987 година конечно ја укинува таа настава во таа Виша педагошка школа. Од основањето на катедрите при Филолошкиот факултет, вкупно шест катедри на македонски јазик и на Филозофскиот факултет пет катедри и заклучно во 1936 година имаат дипломирано вкупно 5.375 студенти од кои само 92 од албанска националност или во проценти 1,71%.

Медицинскиот факултет во Скопје е основан 1947 година, а податоците ги имам извадено само за 40 години и тоа до 1987 година. За тој 40-годишен временски период имаат дипломирано вкупно 5.300, заправо 6.341 студент, од кои само 210 Албанци или во проценти 3,31 од оние кои имаат дипломирано во тој период.

Економскиот факултет од основањето во 1950 година - податоците ги имам извадено 1970 и 1990 година, за тој временски период на тој Економски факултет имаат завршено 5.997 студенти од кош само 51 албанец.

Исто така, Правниот факултет кој е основан 1951 година - податоците ги имам извадено само за 30 години и во тој период од 1951 до 1981 година на тој факултет имаат дипломирано 5.910 студенти од

кои само 80 Албанци. Овие податоци вкупно во овој период кои ги имам извадено изнесуваат 23.943 Македонци...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може, нешто што вчера не рековте, некој податок.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Овој податок не е речен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте истите, нема смисла.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Дозволете ве молам, ќе бидам многу краток.

Бројот на Албанците во овој период на Скопскиот универзитет е само 433 студенти кои имаат завршено. Верувајте, дами и господа пратеници дека на Скопскиот универзитет имаат завршено повеќе Арапи и Африканци отколку Албанци. Овие податоци се извадени исто така во време кога Универзитетот во Скопје беше центар за сите Албанци во таа бивша Југославија и тука се опфатени Албанците од Црна Гора, Косово, Србија и Македонија.

Во наставно - воспитниот процес на наставен албански јазик од I до VIII одделение и од I до IV година во средно образование се вклучени околу 3.500 наставници. Бројката од 3.500 наставници кои се вклучени во наставно - воспитниот процес во одделни региони, во одделни региони, го подвлекувам како што е Долна Река - Гостиварско, како што е Србиновскиот терен - Гостиварско, Жупа - Дебарско, училиштата во Титов Велес, училиштата во Прилеп, училиштата во Крушевско имаме средини каде што се вклучени несоодветни наставни кадри и тоа со 97% неквалификуван наставен кадар и дали ресорното Министерство овие

податоци ги има и дали на ресорсното министерство му причинува загриженост оваа состојба што ја имаме на теренот.

Исто така, сакам да подвлечам и еден друг факт што на двата универзитети во Македонија дипломираат, заправо магистрираат и се здобиваат со докторски дисертации, со докторски научни титули 116 годишно. Дали ресорното Министерство го има податокот дека од албанската припадност на двата универзитети "Свети Кирил и Методиј' во Скопје и "Климент Охридски" во Битола завршуваат годишно 10 Албанци од педагошките насоки, било да има завршено хемија, биологија, историја, математика, физика и др.

XII/1. - ЈМ/ЉР

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (продолжение)

Дали ресорното Министерство има преглед од овие 3.500 наставници вклучени  во наставно воспитниот процес, дел од нив кои треба да го напуштат наставно – воспитниот процес поради староста, некои поради болест, а истите кои се со несоодветна работна квалификација треба еден ден нив да ги заменува соодветен наставен кадар. Јас мислам дека податоците сами по себе зборуваат многу повеќе, отколку она што ние сакаме од оваа говорница да го искажеме.

Ние сакаме потполна рамноправност во Република Македонија и сакаме да инвестираме за заедничко добро поаѓајќи од принципот ва една држава што за секој од нас и за секој граѓанин во РМ тоа е и должност. Колку да се чувствуваш добар и колку да си лојален не зависи само од мене, или пак од некого, туку и од тоа колку таа држава е<заинтересирана за доброто на сите граѓани во Македонија. Тој сооднос, тој реципроцитет заправо таа взаемност јас мислам дека треба да се анализира во овој висок дом на државата. Доколку во РМ се создава, или пак се добива впечаток дека државниот апарат и политичкиот врв на институциите на системот имаат за цел само за заштита на македонските интереси, а не на сите граѓани што живеат во таа држава, тогаш тоа ја жртвува стабилноста на државата. Еден таков однос на системот доведува право кон дестабилизација на самата држава. Ако веќе ја доведуваме до дестабилизација и тогаш секако по некоја логика ќе се бара и некоја друга форма на само организирање што може да биде многу катастрофално за сите нас. И треба да се гледа на една релација, државата на една страна и албанците во другата страна. Само оваа релација добро да се анализира и да се разгледа. На една страна имате државна апаратура која речиси е алергична према секое барање од страна на албанците, а од другата страна ги имате албанците кои од ден на ден повеќе и повеќе добиваат впечаток дека државата во која живеат не покажува доволен интерес за нивните права.

XII/2.-

Полека, полека се прават два брега кои можат да се оддалечат толку колку да се отежнува комуникацијата меѓу нив. Јас мислам дека ова треба сите нас подеднакво да не загрижува. Ова е сериозна загриженост за Македонија. И со ова што можеме во конкретниот случај? Ние ќе бидеме во состојба да ја добиваме битката за минатото и да ја изгубиме битката за иднината наша. И повторно се поставува прашање, дали сме спремни таа битка со иднината ние да ја жртвуваме?

Најпосле кои би биле одговорни, најголема одговорност чија би била во конкретниот случај? Јас мислам дека најголемата одговорност за ова им припаѓа на оние кои го имаат во свои раце државниот апарат, а во конкретниот случај, македонскиот народ. Во тој момент кога граѓаните ќе се чувствуваат дека нивната националност, односно конфесионалност не е лимитирана за реализација на свои права, ниту привилегии што државата може да ја рачуна за нивната лојалност. Доколку се случува обратното, тогаш во таа држава ќе доминираат привремени решенија, често ќе се менува Уставот, а со тоа и законите н не знам што друго потоа. Потоа целиот државен апарат ќе се претовара во една пожарникарна организација, таквите односи, таквите релации се уморни и еднакво ја замараат и привилегираната страна и оштетената страна. Во таквите држави привилегиите се само привремена илузија која како и секоја илузија која не може да се материјализира може да се плати и тоа многу скапо. Но, јас мислам дека Македонија сите овие меѓунационални недоразбирања ќе ги совладува и тоа во интерес на сите. И се залагам себеси да се убедам дека сите овие грешки што се прават во оваа држава на меѓунационален план се резултат на доста а досега акумулирани проблеми кои останаа за наша среќа да ги решава помладата генерација. Рака на срце,ние и затоа инсистираме. Ако е должноста на нашата  генерација со овие проблеми да се соочуваме, тогаш од нас се бара крајни  да бидеме толерантни, крајно да бидеме

мудри и за овие акутни проблеми кои од нас бараат да се решаваат, бараат и одредена смелост.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Морам да кажам дека бев во голема дилема пред почетокот на оваа седница дали би било подобро да дадам едно воведно излагање во кое евентуално би појаснила некои од прашањата кои можеби не се доволно прецизно обработени во оваа фаза од Законот, или тоа право би го искористила на крајот, по слушањето на сите овие дискусии.

На почетокот сметав дека треба да ја искористам оваа дводневна расправа како материјал, како еден фонд на прашања на кои на крајот би се осврнала и можеби би одговорила во оние сфери во кои се. Меѓутоа сега сум во моментов во дилема дали е и тоа неопходно во оваа фаза на крајот на донесување од предлогот за донесување на закон, а притоа да не ризикувам да покренам една нова лавина на ном прашања и на нови дискусии кои за жал на мое големо разочарување морам да кажам само 20% можеби се однесуваа на она што требаше да претставува образовен проблем третиран во Законот за високо образование додека најголемиот дел од нив практично се концентрираа и се вртеа околу еден единствен член. Зошто на мое големо разочарување, затоа што јас на овој закон не гледам како на закон кој треба да донесе решение на меѓуетничките проблеми кои ги имаме во Републиката, туку како на закон кој треба да ги постави контурите за она што го планираме како сериозен реформа во рамки на образовната политика која е зацртана. За таа цел и покрај тоа дека сум свесна, дека можеби не 6в било најсоодветно да не одговорам на низата неточни податоци, особено статистички кои беа изнесени во текот на овие два дена, но тоа си го оставам да го елаборирам на многу подетален начин ако е и со анекс приложен кон

предлогот за закон кога ќе дојдеме во таа фаза и тоа сериозно планирам да го сторам, за да не се сведе практично проценувањето на точноста, или неточноста на статистичките податоци на мојот збор визави зборот на одредени пратеници. Сметам дека е тоа најдобар начин на кој што можеме да го изведеме. За сите други сугестии кои беа дадени мошне конструктивни, морам да признам за кои што и јас и Владата при исто така повеќедневното расправаше на оваа тема имаше големи дилеми, а тоа се прашања врзани. На пример, централното прашање тоа е овој републички фонд за високо образовна дејност кој за жал само во една дискусија беше спомнат, инаку некако дури ќе го прерипавме, прашања врзани за статусот на високообразовните институции, за начинот на управување, за режимот на студии што се клучни прашања од овој закон. Секоја забелешка во однос на тоа во која мера можеме да одиме во некое полиберално, или порестриктивно решавање на проблемот, а притоа да не трпи квалитетот на-образованиет» ќе бидат земени предвид и многу детално разгледани заедно, не само велам оние прашања кои беа споменати овде заедно со мислењата кои еве, од моментот кога Владата го разгледуваше овој закон, па до денес постојано пристигнуваат како од Универзитетот, така поединечно од секоја високообразовна институција, па да ви кажам дури огромен дел од граѓанството е вклучен на некој начин со сугестии. И велам сето ова свое право ќе го искористам во наредната фаза да одговорам, имајќи ги предвид сите ваши сугестии со само една напомена која што е врзана, која сепак ја должам на јавноста која ја следи оваа седница, а тоа е шестата манипулација пак врзана со тој фамозен член 9 дека овој закон практично не води сметка за меѓународните конвенции итн., велам нема да се впуштам ниту во статистиката, ниту во ништо, туку само во она што можам да го тврдам пред овој микрофон, а тоа е дека овој закон е не само во согласност со меѓународните конвенции, туку многу над

стандардите кои што се практикувани кај мнозинството земји кои се потписнички на овие конвенции. Тоа можам да го тврдам, а сета статистика и сите образложенија би ги оставила дополнително во воведното излагање кое секако би го имала по повод предлогот за донесување на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието на РМ го усвојува Предлогот за донесување на закон за високото образование,

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон при што ќе ги има во предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, забелешките на пратеникот Персида Малинска и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, забелешките на пратеникот Персида Малинска и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија, Министерството за образование и физичка култура.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (55 пратеници гласаа за).

Дали е некој против? (9 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

XII/6.-

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучуван Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Немаме доволно претставници од Владата и прилично в доцна да ги викаме за пратенички прашања по Дваесет и деветтата седница, предлагам ова да го оставиме за идната недела. ќе закажеме точно кога.

(Седницата заврши во 16,30 часот).